

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

20

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЦАРИНСКА УПРАВА
ЦАРИНА • CUSTOMS

*1992 - 2012*

# Годишен извештај 2011

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА
# ВО 2011 ГОДИНА

Април 2012 година

# ВОВЕД

На 14 април 2012 година Царинската управа на Република Македонија прославува 20 години од нејзиното формирање. Во текот на овие 20 години работа како самостојна царинска служба, Царинската управа постојано се стреми да ја оствари својата визија како најдобар сервис на граѓаните, економските оператори и државата, согласно домашно и меѓународно признатите најдобри практики.

Мисијата на Царинската управа во 2011 е зачувување на финансиските интереси на Република Македонија, заштитата на здравјето и животот на луѓето, одржување и унапредување на конкурентен економски амбиент и реализација на економските политики на Владата на Република Македонија. Својата визија и мисија Царинската управа ги остварува преку постојано спроведување на мерки за олеснување на трговијата, унапредување на контролата на примена на законите, на системот за управување со човечки ресурси, на административните постапки и логистичката поддршка и на меѓународната и меѓуинституционалната соработка, како и преку постојаното зголемување на транспарентноста во нејзиното работење.

Царинската управа и нејзините вработени извршувањето на своите надлежности го базираат на почитување на фундаменталните човечки права и врз основа на принципите на полова, верска, расна и национална недискриминација. Истовремено, Царинската управа се стреми своите надлежности да ги извршува ефикасно и економично, преземајќи ги само оние мерки што се неопходни за нивно успешно извршување, при тоа почитувајќи ги со закон загарантираните права и интереси на учесниците во постапките.

**Во 2011 година Царинската управа имплементираше реформи насочени кон натамошно јакнење на административниот и институционалниот капацитет за спроведување на законските надлежности и исполнување на критериумите за членство во ЕУ, а согласно стандардите на ЕУ, СЦО и сите други меѓународно признати стандарди.**

# РЕГУЛАТОРНА РАМКА

Во текот на 2001 година се донесени измени и дополнувања во повеќе закони и подзаконски акти чија примена е во надлежност на Царинската управа, меѓу кои Царинскиот закон, Законот за акцизи и Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост. Измените и дополнувањата се насочени кон усогласување со законодавството на ЕУ, поедноставување и олеснување на постапките и намалување на увозните давачки.

Во 2011 година **донесени се измени и дополнувања на Царинскиот закон** („Сл.весник на РМ“ бр.44/2011 и бр.53/2011) кои пред сè имаат за цел натамошно усогласување со царинското законодавство на ЕУ, како и создавање на правна рамка за нови олеснувања на економските оператори во царинското работење. Имено, со овие измени и дополнувања се воведени следните новини:

- Во областа на транзитот воведена е можност за пропишување на задолжителна употреба на електронска царинска декларација, како и на влезна и излезна збирна царинска декларација со можност за информирање пред пристигнување и пред заминување на стоката во и од царинското подрачје на државата (што овозможува забрзување на царинската постапка преку вршење на претходна основна анализа на ризик и селективност, пред ставањето на стоката во царинска постапка);
- Во областа на царинскиот долг воведени се нови видови инструменти за обезбедување, како што се на пример: државни обврзници, девизни депозити и гаранции, хипотеки, акции, при должна проценка на кредитниот ризик, а воведена е и можност за плаќање на царинскиот долг на рати;
- Извршени се дополнителни усогласувања со законодавството на ЕУ во врска со ослободувањето од плаќање на увозни давачки за пратки со мала вредност, како и во врска со начинот и постапката за внесување на царинскиот долг во сметководствената евиденција;
- Извршено е усогласување со Законот за општа управна постапка и Законот за управна инспекција, при што се утврдени роковите за постапување на царинскиот орган по барањата на царинските обврзници и се воведени санкции за царинскиот орган за непридржувањето кон роковите.

Согласно измените на Царинскиот закон, во август 2011 година министерот за финансии донесе **Правилник за поблиските критериуми за застапување во царинските постапки и лиценци за вршење на застапување** („Сл.весник на РМ“ бр.107/2011), со кој се пропишува начинот и постапката за полагање на стручниот испит за лиценцирани застапници, како и правната форма на одобренијата и лиценците за царинско застапување.

Со цел намалување на трошоците на превозниците и усогласување со стандардите на ЕУ, во август 2011 министерот за финансии донесе **измени и дополнувања на Правилникот за** надоместоци **за услуги и закупнина на деловен и рекламен простор на граничните премини за патен сообраќај што ги наплатува Царинската управа**, со кои се укинува надоместокот за престој на царински терминал за времетраењето на царинската постапка.

# РЕГУЛАТОРНА РАМКА

Со цел намалување на одредени увозни трошоци поврзани со извоз на македонски производи, во 2011 година Владата на Република Македонија донесе две автономни мерки за укинување, односно намалување на царински стапки. Имено во јануари 2011 година Владата донесе **одлука за укинување на увозните давачки за одредени необработени благородни метали** заклучно со 31.12.2011 година („Сл.весник на РМ" бр.7/11). Истиот месец Владата донесе и **одлука за намалување на увозните давачки за бел шеќер** („Сл.весник на РМ" бр.8/11) од 30% на 5% заклучно со 31.10.2011 година, со што се подобруваат условите за стопанисување на кондиторската индустрија и индустријата за производство на сокови. Во ноември 2011 година оваа одлука е продолжена до 31.01.2012 година („Сл.весник на РМ" бр.156/11).

Со цел да се обезбеди еднообразна примена на Царинската тарифа, Владата донесе **измени и дополнувања на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура** („Сл.весник на РМ" бр.95/2011), со која се усвоени регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура донесени во периодот од април 2010 година до март 2011 година (вкупно 19 регулативи).

Во август и декември 2011 година Владата донесе **измени и дополнувања на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа** за 2011 година („Сл.весник на РМ" бр.113/11 и бр.183/11) со кои Царинската тарифа е усогласена со измените на Хармонизираниот систем и Комбинираната номенклатура на ЕУ, како и со обврските од Протоколот за пристапување на Република Македонија кон СТО[1].

Во февруари 2011 година се донесени **измени и дополнувања на Законот за акцизи** („Сл. весник на РМ" бр.24/11) со кои се уредуваат контролата, обележувањето и користењето на обележаните минерални масла. Измени се воведени и кај одредбите за прекршоци, а извршени се и дополнувања во делот на санкциите за несоодветно користење на минералните масла, особено во делот т.н. „црвена нафта".

Во октомври 2011 година се донесени **измени и дополнувања на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост** („Сл.весник на РМ" бр. 135/11), со кои се прецизираат правата и обврските на компаниите – носители на права, Царинската управа, Државниот управен инспекторат и Управниот суд. Согласно овие измени на законот, Царинската управа може да укине одлука за прифаќање на барањето за преземање на царински дејства доколку носителот на правото не постапува согласно законот.

Во јуни 2011 година министерот за финансии донесе измени и дополнувања на **Правилникот за спроведување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост** („Сл.весник на РМ" бр. 82/11) со кои се укинува надоместокот за обработка на барање (и негово продолжување) за преземање на царински дејства за заштита на права од интелектуална сопственост (5.000 денари, односно 2.000 денари).

---

[1] Светска трговска организација

# РЕГУЛАТОРНА РАМКА

Во ноември 2011 година **започна примената на Дополнителниот протокол кон Договорот за изменување и пристапување кон ЦЕФТА** („Сл.весник на РМ“ бр. 117/2011), со што, од 13.11.2011 година целосно е либерализиран увозот на стоки со потекло од Албанија.

# ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

Основни услови кои Република Македонија мора да ги обезбеди за да може да започне постапка за пристапување кон заедничкиот транзитен систем, како и за членство во ЕУ, се хармонизирање на националното со царинско законодавство на ЕУ и поврзување со царинските информатички системи на ЕУ.

## *Усогласување на царинското законодавство*

По низа измени и дополнувања на релевантните закони и подзаконски акти од областа на царината во претходните години, во април 2011 година се донесени последните измени и дополнувања на националното законодавство насочено кон усогласување со царинското законодавство на ЕУ (опишано во претходното поглавје), подготвени во соработка со консултанти од ЕУ финансирани во рамки на IPA 2007 фондовите на ЕУ. Имено, во февруари беа финализирани активностите од „Проектот за натамошно усогласување на националното царинско законодавство со законодавството на ЕУ“ финансиран во рамки на Програмата IPA 2007. Во рамките на проектот, беше извршена анализа на отстапувањата на националното царинското законодавство и царинските постапки на ЕУ, подготовени се измени и дополнувања на текстови на правни акти, а изработени се и интерни упатства. Организирани се и соодветни обуки за царинските службеници, претставниците на државните инсититуции и стопанските субјекти. Со проектот беа поддржани подготвителните активности за воспоставување на новиот електронски систем за обработка на царински декларации и активностите на подготовка на законодавството и постапките со кои се регулира транзитот.

Во овој период заврши и имплементацијата на „Проектот за зајакнување на граничните контроли“, финансиран во рамки на Програмата IPA 2007. Проектот имаше за цел засилување на капацитетите на Царинската управа за справување со царински измами, прекуграничниот криминал, корупцијата и нелегалната трговија.

## *Поврзување со царински информатички системи на ЕУ*

ЕУ претставува единствена царинска унија со заедничка регулатива во областа на царината и транзитот. Покрај обезбедување компатибилност на националното со законодавството на ЕУ во оваа област, за членство во ЕУ, како и за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит, неопходно е да се обезбеди интерконекција и интероперабилност на националните со царинските информатички системи на ЕУ (што пред сè се однесува на Новиот компјутеризиран транзитен систем на ЕУ – NCTS[2], заедничката комуникациска мрежа и зедничкиот системски интерфејс на ЕУ – CCN/CSI[3], Единствениот тарифен амбиент на ЕУ – ITE[4], извозниот контролен систем –

---

[2] New Computerized Transit System

[3] Common Communication Network/Common System Interface

[4] Integrated Tariff Environment

На 15.2.2011 година во Брисел, се одржа работен состанок помеѓу високи претставници на Царинската управа и DG TAXUD, на кој беа презентирани Стратегијата за имплементација на интероперабилност на Царинската управа и Стратегијата за ИКТ, а се разговараше и за плановите на Република Македонија за пристапување кон Конвенцијата за зеднички транзит на ЕУ.

ECS[5], увозниот контролен систем - ICS[6] и др.), за што е пред сè потребен компатибилен национален СОЦД[7]. Во 2011 година Царинската управа започна со имплементација на проектите финансирани од IPA фондовите на ЕУ, како и со други активности за обезбедување интероперабилност и интерконекција со царинските информатички системи на ЕУ.




Преку обезбедените средства во рамки на IPA 2008 фондовите, кон крајот на 2010 година склучен е договор за изработка на софтвер за пристапување кон NCTS и за поддршка во управувањето со проектот (потребниот хардвер е набавен со средства од националниот буџет). Во март 2011 година започна со реализација проектот и истиот треба да заврши во март 2013 година. Со цел ефикасно раководење и координирање со проектот, во рамките на Царинската управа формирани се Управувачки комитет и работна група за имплементација на проектот. Веќе е инсталиран и тестиран прототип на апликацијата, а кон крајот на 2011 е инсталирана и пилот верзија на апликацијата, која е во фаза на тестирање. Извршена е набавка и инсталација на хардверот и системскиот софтвер на кој ќе биде инсталирана конечната верзија на апликацијата. Со цел подигнување на информираноста и свеста на економските оператори и јавноста за NCTS, како мошне важна промена во областа на царината, а особено транзитот, реализирани се конференции и презентации, а кон крајот на 2011 година на интернет порталот на Царинската управа е поставен посебен дел со информации за овој систем. Оваа година завршија сите подготвителни активности, а на почетокот на 2012 година започна последната фаза од постапката за избор на најдобар понудувач за

Во јануари 2011 година успешно заврши имплементацијата на Проектот за подобрување на компјутерскиот систем на Царинската управа во Програмата на ЕУ – ИПА 2007. Проектот се реализираше 18 месеци и имаше за цел зајакнување на Царинската управа во областа на ИКТ, но и кон унапредување на капацитетите за подготовка и управување со проекти согласно ЕУ стандардите.

[5] Export Control System
[6] Import Control System
[7] Систем за обработка на царински декларации

имплементација на ITE, на задолжителната тарифна информација на ЕУ – BTI[8], царински квоти на ЕУ, како и европски список на хемиски супстанци.

Во ноември 2011 година DG TAXUD[9] изврши нова IT Awareness мисијата во Царинската управа, врз чии препораки, кон крајот на 2011 година Царинската управа ги ревидираше Стратегијата за развој на ИКТ, Стратегијата за имплементација на интероперабилност за пристапување кон ЕУ, Стратегијата за имплементација на заедничкиот транзитен систем на ЕУ и Националниот проектен план за имплементација на NCTS и ги достави до Владата на усвојување. Тоа се задолжителни документи кои ја потврдуваат и трасираат заложбата и посветеноста на Владата на Република Македонија за исполнување на условите за членство во ЕУ. Според анализите, Република Македонија ќе биде подготвена за започнување преговори за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит во втората половина на 2013 година.

## *Програма ЕУ Царина 2013*

Во рамки на оваа програма, претставници на **Царината на Шведска, во текот на мај оствариja работна посета на Царинската управа**. Двете администрации ги презентираа активностите за унапредување на царинското работење во бесхартиена околина. Особен акцент беше ставен на примената на најдобрите практики и можните решенија за прекугранично управување со ризик. Договорено е оваа соработка да продолжи со размена на искуства во конкретни постапки од оваа област.

Претставници на Царинската управа присуствуваа на следниве обуки, работилници, семинари и работни средби: Работилница за употреба на технологии и опрема за откривање во работата на царинските служби (октомври, Братислава), Втора работилница за улогата на царинските администрации во заштитата на правата од интелектуална сопственост во Југоисточна Европа (октомври Букурешт), Меѓународен семинар на тема „Кон подобра соработка“ (октомври, Краков), Десетти пленарен состанок на Работната група на Европската Комисија за контрола на готовина (октомври, Мадрид), Годишен состанок на Работната група „Electronic Customs Group“ (ноември, Брисел), Четвртиот состанок на работната група за мерење на резултати (ноември, Брисел), Редовен состанок на групата за обуки (ноември, Брисел), Работилница под наслов „Хемиски имиња и нивен превод“ (ноември, Брисел), Десетти состанок на Комитетот на Програмата на Заедницата ЦАРИНА 2013 (ноември, Брисел), 203-ти состанок на Работната група за тарифно опкружување (декември, Брисел) и 9-ти состанок на Групата за комуникациска мрежа на ЕУ (декември, Брисел).

[8] Binding Tariff Information
[9] Генерален Директорат на ЕУ за царина и оданочување

# АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

Во 2011 година Царинската управа продолжи со унапредувањето на сопствениот административен капацитет како основен фактор за спроведување на реформите и извршување на надлежностите. Покрај донесените измени и дополнувања на Царинскиот закон и повеќе подзаконски акти, во 2011 година дополнително е зајакната организационата поставеност, системите за безбедност и комуникација, управувањето со човечките ресурси, ИКТ поддршката итн.

## *Основна рамка*

Во април 2011 година донесени се **измени и дополнувања на Законот за Царинската управа** („Сл.весник на РМ“ бр.53/2011). Со измените и дополнувањата се изврши усогласување со Законот за кривичната постапка и Законот за основање на државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со што се воведе нова надлежност за Царинската управа и се востанови правото на приговор пред друг орган. Воедно беа утврдени пократки рокови за постапување по јавен оглас и преземање на работник во Царинската управа, третманот на нововработените царински службеници со воведување на полагање на стручен испит и последиците од неуспешно полагање на стручниот испит, како и начините на престанок на работниот однос. Со новите одредби се пропишани случаите на откажување на договорот за вработување, поделбата на дисциплинските мерки кои се изрекуваат согласно тежината на дисциплинската одговорност на царинскиот службеник, отказниот рок во случај на откажување на договор за вработување и се определени надоместоците како и правото на закупнина на стан во случај на прераспоредување на царинскиот службеник во текот на работниот однос на работно место кое е оддалечено над 100 км од местото на живеење.

Во ноември 2011 година, министерот за финансии донесе **нов Правилник за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на царинските службеници**, со кој се пропишува целокупниот надворешен изглед, димензии, боја и други обележја кои ја карактеризираат исправата со која ќе се легитимираат овластените царински службеници.

Службената легитимација е изработена од 135 грамска хартија во зелена боја, пластифицирна со 175 микронска фолија со димензии 90 Х 55 мм, која е сместена во дводелен кожен повез со црна боја, и секој дел е со големина 75 Х 105 мм.

Со цел поставување на институционална основа за перманентно анализирање на административната и организациската поставеност на Царинската управа и унапредување на капацитетот за извршување на надлежностите, стратешките цели и планираните активности, во април 2011 година формиран е **Комитет за развој на институционалниот и административниот капацитет на Царинската управа**. Комитетот има Деловник за работа со кој се уредува начинот на работа, правата и обврските на координаторот и членовите, како и начинот на вршење на стручни и административни работи поврзани со неговото работење. На редовна основа се

разгледуваат прашања од областа за која е формиран комитетот и до раководството се доставуваат информации, мислења и предлози за унапредување на разни области од работата на Царинската управа,

Царинската управа во 2008 година започна процес за воведување на **интерен контролен систем** со донесување **Упатство за интерен контролен систем,** кое е **ревидирано во февруари 2011 година.** Со ова упатство се утврдуваат интерните контролни цели, начинот на идентификација, анализа и вреднување на ризиците, како и интерните контролни процедури и улогата на раководството и вработените во Царинската управа. Во Царинската управа активно се работи на разбирање и прифаќање на внатрешниот контролен систем од страна на раководителите, формално дефинирање на процесите, ризиците и контролите, подобрување на управувањето со ризиците на контролите, за на крај да се оствари и одржи крајната цел на внатрешниот контролен систем – минимизирање на ризиците во работењето со соодветни контроли и точно, комплетно и навремено исполнување на утврдените цели и задачи. До крајот на 2011 година е воспоставен почетен внатрешен контролен систем во 70 организациски единици на Царинската управа, при што се изготвени 552 пишани работни процедури.

Со цел поставување на институционална рамка за организирано собирање, чување и изложување на историјата на Царинската управа, во јуни 2011 година е донесено **Упатство за евидентирање на историјата на Царинската управа**, со кое се утврдуваат надлежностите за воспоставување на постојната историја, начинот на постапување со новосоздадените и собраните материјали и предмети, изложување, издавање и распоредување во работните простории на Царинската управа. Согласно ова упатство, организирана е збирка од над 350 предмети, документи, пофалници, благодарници и др.

Во 2008 година Царинската управа донесе Правила за редот и дисциплината во Царинската управа, со кои се уредува начинот на однесување на вработените за време на работата, нивните обврски кон работодавачот, обврска за придржување кон правилата и одговорност во случај на нивно прекршување. Согласно констатациите во извештајот од Проектот на Владата „Таен клиент", во септември 2011 година донесени се **измени и дополнувања на Правилата за ред и дисциплина во Царинска управа** со кои се додаваат две нови правила поврзани со однесувањето на царинските работници при телефонска и друга комуникација со странките и клиентите.

Имајќи го предвид големиот број донесени интерни процедури во Царинската управа и потребата од систематски и перманентен надзор дали и како истите се применуваат, Одделението за внатрешна ревизија, кое брои 4 извршители, во 2011 година изврши **27 ревизии врз чија основа до надлежните организациони единици се предложени 103 препораки за подобрување на работењето**. Во октомври 2011 година Царинската управа усвои Повелба за внатрешна ревизија, која ја утврдува рамката во која ќе функционира Одделението за внатрешна ревизија.

# *Организација*

## *Правилник за организација на работата*

Позначителна промена во Правилникот за организација на работата во Царинската управа претставува формирањето на Отсек за стоково царинење на ЦИ[10] Табановце автопат, кој започна да работи во јануари 2012 година. Работните задачи се извршуваа во 7 сектори, 5 регионални царинарници (со седишта во Скопје, Штип, Битола, Гевгелија и Куманово) и 4 независни одделенија. Во рамки на царинарниците функционираат 19 гранични и 23 внатрешни царински испостави, како и 5 СНИО[11].

***Организациска структура на Царинската управа на крајот на 2011 година***




---

[10] Царинска испостава

[11] Служба за надзор на иматели на одобренија

# АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

### *Безбедност и комуникација*

Во 2008 година Царинската управа воведе систем за видеоконференциско поврзување на царинарниците и Централната управа во Скопје (аудио и видео), кој има за цел забрзување и подобрување на непосредната комуникација помеѓу раководството, како и подобро искористување на времето и намалување на трошоците. Работата е уредена со **Упатство за работа со системот за видеоконференција** донесено во октомври 2011 година. На почетокот на 2012 година Царинската управа воспостави видеоконференциско присуство и на седниците на Владата на Република Македонија. Истовремено Царинската управа завршува проект со кој и другите органи на државната управа видеоконференциски ќе се поврзат со седниците на Владата на Република Македонија.

Во контекст на начинот на прием и легитимирање на лица кои не се вработени или немаат регулиран престој во деловните простории на Царинската управа, уреден со Упатство за прием на странки во септември 2010 година, во ноември 2011 година Царинската управа донесе **Протокол за прием и одржување на состаноци со високи претставници на домашни и странски институции и организации**, со кој се уредува начинот на прием и водење на средбите.

Со цел уредување на постапувањето со комунален и друг вид отпад во објектите и јавните површини со кои управува Царинската управа, во август 2011 година, донесено е **Упатство за постапување со комунален, комерцијален и други видови неопасен отпад**.

Во август 2011 година се допрецизирани критериумите за утврдување оправдано отсуство на вработените во Царинската управа и е уредено со **измена на Упатството за работно време.**

### *Административни постапки*

Покрај реализираните активности во минатите години за ефикасно и рационално спроведување на административните постапки со цел давање брзи, точни и квалитетни услуги, Царинската управа во 2011 година продолжи со анализирање на состојбата и утврдување на можностите за натамошно унапредување на работата во оваа област.

Во февруари 2011 година е воспоставен електронски депозитар на прописи (закони и подзаконски акти) поврзани со царинското работење, интерните акти донесени од Царинската управа за уредување на работните процеси, како и меѓународните договори и акти. Донесено е **Упатство за депозитари на прописи на Царинската управа** со кое се уредува начинот на доставување и чување на интерните акти, начинот на вршење надзор над спроведување на одредбите на ова упатство во смисла на прилагодување. Електронскиот депозитар на прописи е достапен за сите вработени во Царинската управа и обезбедува пристап до сите релевантни прописи и акти, на организиран и систематизиран начин по области. Во Електронскиот

депозитар се евидентирани околу 290 закони, 89 подзаконски акти, 380 интерни акти, 30 меѓународни договори и 22 други документи.

Во 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за подготовка на интерни акти во Царинската управа**. Ова упатство во август 2011 година е дополнето со одредби за задолжително прегледување на интерните акти од страна на лектор по македонски јазик, кои ќе стапат на сила по обезбедувањето на соодветни стручни лица.

Со цел обезбедување релевантен и навремен превод од македонски јазик на сите други светски јазици и обратно (за потребите за деловна кореспонденција, меѓународни акти, прекршочни постапки и др.), во април 2011 година Царинската управа донесе **Упатство за вршење на преводи**, со кое се уредува начинот и постапката за вршење на устен и писмен превод, проверка на превод за потребите на организациските единици на Царинската управа, како и постапката за користење на услуги за превод од трети лица.

Во мај 2011 година е донесено **Упатство за работа со класифицирани информации**, со кое се уредува степенот на класификацијата на документите во Царинската управа и нивна заштита од неовластен пристап или употреба од неовластени лица, како и неовластено изнесување и објавување на информациите. Со упатството се дефинираат корисниците на класифицирани информации во Царинската управа кои поседуваат соодветен безбедносен сертификат.

Во 2009 година Царинската управа воведе Интегриран информативен систем – ИИС, со три модули: Модул за управување со човечки ресурси, Модул за материјално и финансиско работење и EDMS[12], кој претставува централна архива на електронски документи и слики на документи, со организиран и контролиран проток на документи хиерархиски доделени на обработка и електронски потпишани. Од 1.1.2010 година ИИС е задолжителен за употреба во Царинската управа, а неговата администрација и користење е уредена со повеќе од 35 интерни акти.




12 Electronic Document Management System – Електронски систем за управување со документи

# АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

**На интернет порталот на EDMS - ПЕК можат да се пребаруваат и поднесат во електронска форма 70 стандардизирани барања (како на пример: поедноставено барање за одобрение за привремен увоз, барање за непотполна декларација, барање за задолжителна тарифна информација и др.).**

Во рамки на интернет страницата на Царинската управа поставен е Портал за електронска комуникација – ПЕК во EDMS преку кој надворешните корисниците можат да поднесат над 70 стандардни барања, кои електронски се архивираат, процесираат и враќаат до барателите. Преку ПЕК во EDMS корисниците добиваат достапност на услугите 24/7, заштеда на време и трошоци поради електронско поднесување и преземање на документацијата, како и намалување на времето потребно за добивање одговор на барањата. За користење на функционалностите на системот компаниите треба да имаат стабилна интернет врска, да поседуваат валидна e-mail адреса, да бидат регистрирани во ПЕК и да поседуваат скенер преку кој ќе вршат скенирање на потпишаната документација. **Во 2011 година Царинската управа го надгради ПЕК со функционалност за дигитално потпишување** на испратената електронска документација од страна на економските оператори. Оваа измена овозможува целосна електронска размена на електронски потпишани документи. За целосно елиминирање на хартијата потребно е на ниво на цела држава да се уреди архивирањето на електронски документи (локално и во Државниот архив), препознавање на електронскиот потпис и правно издржана потврда на приемот на електронскиот документ. Во ПЕК се регистрирани над 310 надворешни корисници кои во текот на 2011 година до Царинската управа доставиле 12.701 електронски барања, од кои Царинската управа испратила 5.056 електронски одговори (разликата е поради тоа што во почетокот поради недоволно познавање на ПЕК се доставуваа исти електронски барања повеќекратно). Истовремено, во EDMS се регистрирани и го користат над 900 вработени во Царинската управа, а просечно истовремено го користат над 90 вработени. Преку EDMS се обработени 118.557 докумети во 2010 и 170.824 документи во 2011 година.

### *ИКТ поддршка*

Електронската размена на податоци помеѓу деловната заедница и Царинската управа на национално ниво и размената на податоци на Царинската управа со други царински администрации на меѓународно ниво се темели на современа информатичка и комуникациска технологија. Со електронската размена на податоци значително се олеснува спроведувањето на царинските постапки, се подобрува квалитетот на контролата, се обезбедува еднаков третман на стопанските субјекти, се овозможува брз пристап до информации, а воедно се подобрува планирањето и организацијата на работата.

На крајот на 2011 година во Царинската управа во функција беа 42 апликации, поддржани со масовна хардверска и комуникациска опрема. Нивното користење е уредено со упатства, прирачници и стандардни оперативни процедури. За секоја апликација се назначени функционални проект менаџери и ИКТ инженери

одговорни за техничка поддршка. Просечната достапност на ИКТ системите и апликациите изнесуваше 99.598%, со што е постигната поставената цел од 99,5%.

Со цел отстранување на проблемите и обезбедување непрекинатост на ИКТ системите и апликациите, во текот на 2011 година извршени се 4.234 различни типови на апликативни интервенции врз системите кои се во оперативна примена и 1.603 различни хардверски и мрежни интервенции на поставената техничка инфраструктура.

Покрај досега воведените системи и ревидираните стратешки документи, Царинската управа во 2011 година продолжи со јакнење на капацитетите во областа на ИКТ.

Во јуни 2011 година Царинската управа воведе методологија за управување со животниот циклус на апликациите и информациско-комуникациските технологии, со цел да се осигура соодветно управување и контрола на проектите кои се однесуваат на ИКТ системите и истото го уреди со **Упатство за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи**. Начинот, постапката, надлежностите и одговорностите при водењето евиденција за апликациите, системските софтвери и лиценци и друга ИКТ опрема, како и целокупната документација поврзана со истите се уредени со **Упатство за евиденција на апликациите и ИКТ опремата во Царинската управа,** донесено во септември 2011 година.

Во ноември 2011 година е донесено **Упатство за обезбедување непрекинатост на ИКТ системите надвор од работното време**, чија цел е обезбедување на непрекината работа на Царинската управа надвор од редовното работно време, преку овозможување поддршка за критичните ИКТ системи кои е непоходно да се постојано во функција. Истовремено е донесена и **Програма за обзбедување непрекинатост на ИКТ системите** со **Категоризација на критичноста на системите**, кои треба да обезбедат непрекинатост на деловните процеси преку стандардизирање на постапките, редовен мониторинг на ИКТ системите и нивно постојано унапредување. Во истиот временски период е донесен и Прирачник **за управување со проекти**, со кое се уредуваат фазите на планирање, имплементација и контрола на ИКТ проектите со цел да се олесни управувањето со проектите и да се осигура нивната успешност, а воедно да се постигне оптимална искористеност на ресурсите.

## *Човечки ресурси*

Вработените претставуваат најважен фактор за исполнување на мисијата и визијата на Царинската управа. Само стручни, ефикасни и компететни вработени можат да придонесат Царинската управа своите надлежности да ги извршува навремено и законито, и истите да ги поедностави и забрза. Во овој контекст, Царинската управа преманентно го унапредува својот капацитет за управување со човечки ресурси, системот за вработување и внатрешно прераспоредување, системот за обуки и стручно оспособување, системот за наградување и остварување кариера, механизмите за мерење на учинок, како и механизмите за професионална одговорност на

вработените. Во текот на 2011 година се вработени вкупно 62 лица од кои 40 државни службеници (преку Програмата К-5), 19 царински службеници и 3 лица согласно Законот за работни односи. Истовремено, Царинската управа по различни основи ја напуштиле 22 лица. **На крајот на 2011 вкупниот број на вработени во Царинската управа изнесува 1.184 лица.**

### *Основна рамка*

Во јули 2010 година беше потпишан нов Колективен договор на Царинската управа, целосно усогласен со Законот за работните односи и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија. Минатата година донесени се две измени на Колективниот договор со цел негово усогласување со измените и дополнувањата на Законот за работните односи и Законот за Царинската управа.

Во септември 2011 година е донесена **Стратегија за управување со човечки ресурси во Царинската управа 2011-2014**, со која се утврдува целта на управување со човечките ресурси, основните принципи на управување, политиките за управување и стратешките активности, со цел обезбедување, градење, одржување и професионален развој на вработените.

**Царинската управа во 2012 година ќе подготви План за имплементација на Компендиумот на СЦО за управување со човечки ресурси и ќе обезбеди ISO стандард за инвестирање во луѓето.**

Во октомври 2011 година министерот за финансии донесе **Правилник за начинот на унапредување на царинските службеници во Царинската управа** („Сл.весник на РМ“ бр.150/11), со кој се пропишува начинот на унапредување на царинските службеници, во транспарентна постапка, врз основа на нивните професионални активности и квалификации, нивната работна способност, завршените обуки и оценката на работната изведба, независно од полот, бојата на кожата, политичкото и верското убедување.

Во декември 2011 година министерот за финансии донесе и **Правилник за висината на надоместокот за закупнина и начинот на обезбедување на стан под закуп** („Сл.весник на РМ“ бр. 165/11), со кој се пропишуваат критериумите за утврдување на висината на надоместокот за закупнината на стан во местото на работење, во случај на прераспоредување на царинскиот службеник во текот на работниот однос, на работно место кое е оддалечено над 100 километри од местото на живеење.

Во мај 2011 година министерот за финансии донесе **измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа**, со кои се утврдуваат работните места во Царинската управа кои ги извршуваат царински службеници и работните места кои ги извршуваат државни службеници.

# АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

## *Обуки и стручно оспособување*

Во јануари 2011 година Царинската управа донесе **Стратегија за обуки и стручно оспособување на царинските службеници 2011-2013**, која има за цел да воспостави одржлив, стабилен и сеопфатен систем на обука и стручно оспособување на царинските службеници, кој ќе ги задоволи различните потреби на управата и на самите царински службеници како поединци и ќе придонесе кон остварување на стратешките цели на Царинската управа. Врз основа на стратегијата, донесена е **Програма за обуки и стручно оспособување** и **Програма за основна обука на царински службеници**, со кои се опишува видот и времетраењето на основните обуки, целите кои треба да се постигнат по одржувањето на обуките, како и целните групи на учесници разграничени според степен на образование, распореденост на работно место, надлежности и вклученост во процесот на царинење на стоки или спроведување на царинското законодавство.

Во текот на 2011 година Царинската управа работеше на остварување на целите од Стратегијата за обуки и стручно оспособување на царинските службеници 2011-2013, особено во делот на развивање на култура на постојано учење и развој на човечкиот потенцијал во царинската служба и воведување на нови методи во изведување на обуките.

Согласно Програмата за обуки и стручно оспособување за 2011 година, одржани се вкупно 256 настани (174 во 2010 година) во вид на обуки, презентации, работилници и семинари. На нив присуствуваа вкупно 2.578 учесници од Царинската управа (1.865 во 2010 година). Во просек секој од учесниците има добиено по 118 часа обука (98 во 2010 година), додека секој вработен има добиено 31 час обука и стручно оспособување или секој вработен во текот на 2011 година во просек бил 4 работни дена на обуки (28 часа во 2010 година). Согласно Програмите за основна обука во текот на 2011 година одржани се обуки за две групи на царински службеници и тоа за 29 царински службеници со траење од 160 часа и за 12 царински службеници со траење од 144 часа. Покрај обуките поврзани со спроведување и контрола на царинските постапки, во 2011 година покарактеристични беа обуките за примена на Законот за кривична постапка, за заштита на интелектуалната сопственост, за етика и спречување на корупцијата и за примена на Законот за надзор на пазар.

Во текот на 2011 година Царинската управа активно учествуваше на работилници и студиски посети организирани преку инструментот за предпристапна помош TAIEX. Преку оваа програма беа одржани 4 работилници во Република Македонија и 5 студиски посети во земји членки на ЕУ. Преку овие активности Царинската управа го продолжува процесот на усогласување на царинското законодавство со европските регулативи, уште повеќе што практичната примена на истото го спроведува по принципот на најдобри практики. Преку програмите за техничка помош со Владите на Република Словенија и Кралството Холандија беа организирани обуки за унапредување на човечките ресурси, за вештините за преговарање, за царинската лабораторија и примена на одредбите од Законот за акцизи.

# АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

Покрај реализацијата на програмите за обуки и стручно оспособување, Царинската управа во 2011 година продолжи со унапредување на постојните и воведување нови алатки за обезбедување обуки и стручно оспособување на вработените.

Донесена е **Програма за физички тренинг и боречки вештини за царинските службеници** во јули 2011 година. Истата има за цел зголемување на безбедноста на царинските службеници при спроведување на царински надлежности кај кои постои опасност при нивно извршување, преку подобрување на физичката подготвеност и стекнување со одбранбени техники.

Во 2011 година Царинската управа воведе **електронски документационен центар** кој на секој вработен му овозможува да ги следи трендовите и праксите во царинското работење. Воспоставувањето и одржувањето на документациониот центар, како и начинот на користење на содржините од страна на вработените е уредено со **Упатство за документационен центар на Царинската управа,** донесено во март 2011 година. Уште повеќе, на својот интерен портал Царинската управа отвори **Е-енциклопедија** во која вработените имаат пристап до сите материјали од одржани обуки класифицирани по области.




Преку Програмата „Царина 2013" во 2010 година Царинската управа воведе курсеви за електронско учење на актуелни теми од царинското работење, утврдени од страна на Европската Комисија. Курсевите за електронско учење не се наменети само за царинските службеници, туку и за бизнис заедницата и за сите учесници во царинската постапка – шпедитери, увозници и извозници. Овој нов пристап во обуката и стручното оспособување овозможува постојано покривање на повеќе области од заеднички интерес за учесниците во царинските постапки. Во мај 2011 година Царинската управа донсе **Упатство за Е-систем за управување со курсеви за електронско учење – Dokeos**[13], со кое се уредува воспоставувањето, одржувањето и работата со е-Системот за раководење со курсевите за




[13] Dokeos е софтвер со лиценца за бесплатно користење, без дозвола за негова измена. Dokeos претставува систем за електронско раководење со обуките – Learning management system (LMS)

електронско учење, како и процедурите за регистрирање и негово користење од страна на вработените во Царинската управа.

Постојниот систем за видео конференција беше надграден во 2010 година, со што е создадена можност за вклучување на царинските испостави во системот и следење на обуките од работните места, без потреба за патување на вработените. Истовремено преку овој систем се оформи збирка на обуки достапни за секој вработен. Во текот на 2011 година Царинската управа отпочна со практична примена на видеоконференциското учење, за што во декември е донесено **Упатство за видеоконференциско учење**

Во соработка помеѓу Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и Царинската управа во септември 2009 година беше формиран Регионален тренинг центар (РТЦ) на СЦО во Скопје. РТЦ има за цел да даде придонес кон градењето на административниот капацитет на царинските служби во регионот (Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Молдова, Србија, Турција и Црна Гора) во насока на зголемување на квалитетот и забрзувањето на царинските постапки, притоа имајќи ја предвид и основната цел на формирањето на СЦО како меѓународна организација за глобално усогласување на царинското работење. Во април 2011 година, Царинската управа донесе **Стратегија за работа на РТЦ за период 2011-2013**. Кон крајот на 2011 година Царинската управа **воведе посебен портал на РТЦ на интернет страницата на Царинската управа**, а во почетокот на 2012 година донесена е и Програма на обуки на РТЦ. Во 2011 година во рамки на РТЦ беше одржана обука на тема „Рамка на стандарди на СЦО и Овластен економски оператор" на која партиципираа 19 учесници од царинските служби на Албанија, Србија и Македонија. Како дел од обуката беше организиран и еднодневен форум со претставници на бизнис заедницата и експерти од Светската царинска организација.

### *Мерење на успешноста*

Со цел унапредување на порано воспоставениот систем, Царинската управа во 2011 година донесе **нова Оперативна инструкција за системот на оценување на работата на царинските службеници**, со која се пропишува целта на оценувањето, периодот на оценување, критериумите за оценување на работата, начинот и постапката за оценување на работата, содржината на извештаите и образецот за оценување на царинските службеници. Согласно Правилникот за начинот на унапредување на царинските службеници, **оценката на работната изведба е еден од критериумите за унапредување на царинските службеници.**

**На 5 јули 2011 година, Царинската управа на Република Македонија во соработка со Царинската служба на Франција, одржаа Семинар за мерење на резултати. На семинарот беа презентирани и разгледани следните теми: мерење на спроведувањето, главни квантитативни показатели, споредување според остварувањата и контрола на управувањето.**

Во август 2011 година Царинската управа донесе **Упатство за мерење на успешноста на кривичните пријави** со кое се пропишани критериумите и постапката за нивно

мерење од страна надлежните организациони единици на Царинската управа. Истиот месец се донесени и **Упатство за мерење на успешноста на барањата за поведување на прекршочна постапка**, **Упатство за мерење на успешноста на дисциплинските постапки** и **Упатство за мерење на успешноста на управните постапки** со кои се утврдени критериумите, начинот и постапката за мерење на нивната успешност. Во ноември 2011 година е донесено и **Упатство за мерење на успешноста во застапување пред судовите**, со кое се утврдуваат критериумите и постапката за мерење на успешноста со цел е да се добие реална слика за ажурноста, ефективноста и ефикасноста на процесот на застапување пред судовите. Првите анализи и оценки на успешноста согласно овие упатства ќе бидат спроведени во 2012 година.

### *Интегритет на вработените*

Царинската управа и во 2011 година продолжи со активностите за јакнење на интегритетот на вработените и системите за превенција и откривање на случаи на дисциплински повреди и злоупотребата на службената должност на вработените, како и со редовни инспекции на спроведувањето на царинските прописи од страна на сите организациони единици во Царинската управа.

Во 2011 година СПО[14] спроведе 93 внатрешни истраги во регионалните царинарници и Централната управа, што резултираше со записници и постапки за утврдување на постоење или непостоење на дисциплинска одговорност.

| Организационен дел | Број на истраги | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2010 | 2009 | 2008 | 2007 |
| Централна управа | 40 | 65 | 44 | 20 | |
| Царинарница Скопје | 15 | 18 | 24 | 33 | 65 |
| Царинарница Куманово | 10 | 15 | 24 | 22 | 29 |
| Царинарница Штип | 8 | 3 | 11 | 18 | 57 |
| Царинарница Гевгелија | 8 | 6 | 12 | 22 | 62 |
| Царинарница Битола | 12 | 5 | 12 | 25 | 27 |
| Вкупно | 93 | 112 | 127 | 140 | 240 |

Истовремено, СПО изврши 45 внатрешни инспекции кои резултитаа со препораки за унапредување на работата и зголемување на свеста на вработените за важноста на деталното придружување кон прописите за спроведување на царинските постапки.

| Организационен дел | Број на инспекции | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2011 | 2010 | 2009 | 2008 | 2007 |
| Централна управа | 3 | 53 | 35 | 17 | 2 |
| Царинарница Скопје | 20 | 14 | 8 | 9 | 10 |
| Царинарница Куманово | 4 | 5 | 4 | 2 | 1 |
| Царинарница Штип | 4 | 3 | 4 | 8 | 9 |
| Царинарница Гевгелија | 7 | 10 | 2 | 5 | 6 |
| Царинарница Битола | 7 | 1 | 5 | 5 | 5 |
| Вкупно | 45 | 86 | 58 | 46 | 33 |

Во текот на 2011 година до СПО беа доставени 105 поплаки добиени преку отворената царинска телефонска линија (197). Од вкупно поднесените поплаки, во 14 случаи беа спроведени внатрешни истраги и изготвени конечни извештаи во врска со истите, додека пак во 35 случаи, откако беа превземени активности за утврдување на

[14] Сектор за професионална одговорност

вистинитоста на наводите изнесени во јавувањата, беше утврдено дека се неосновани. Останатите 56 поплаки беа разгледани, меѓутоа по однос на истите не можеше да се постапува од причина што истите не содржеа доволно проверливи податоци за сторено злоупотреба на службените обврски, за коруптивно однесување на вработен или за сериозно кршење на правилата за ред и дисциплина.

Во јануари 2011 година Царинската управа донесе **Стратегија за интегритет и борба против корупцијата за 2011-2014** година, која има за цел да воспостави проактивен пристап во борбата против корупцијата, каде акцентот ќе биде ставен на превенцијата пред репресијата.

Кон крајот на 2011 година Царинската управа донесе **Насока за начинот на постапување на вработените во Царинската управа во случај кога им се дава, ветува или понудува подарок или друга корист со цел да се влијае на работењето во рамките на службата**, со која се уредува начинот на нивно однесување и постапување. Насоката е дистрибуирана до сите вработени во Царинската управа.

Во март 2011 година Царинската управа донесе и **Упатство за начинот на доделување и замена на ознаката на чинот на царинските службеници**, со кое се уредува начинот и постапката на доделување на ознаката на чинот согласно степенот на стручна спрема и работните обврски на царинскиот службеник.

Во август 2008 година Царинската управа донесе Правила и критериуми за избор на најдобра гранична и внатрешна ЦИ по квартали. Изборот се објавува на интернет и интранет страницата на Царинската управа. Во првиот квартал од 2011 година, за најдобра гранична ЦИ избрана е ЦИ Богородица, Царинарница Гевгелија, а за најдобра внатрешна ЦИ е избрана ЦИ Скопје 1, Царинарница Скопје. За вториот квартал за најдобра гранична ЦИ е избрана ЦИ Богородица, Царинарница Гевгелија, додека за најдобра внатрешна ЦИ е избрана ЦИ Скопје 3, Царинарница Скопје. Во третиот квартал за најдобра гранична испостава избрана е ЦИ Богородица, Царинарница Гевгелија, а за најдобра внатрешна ЦИ е избрана ЦИ Куманово, Царинарница Куманово. Во последниот квартал од 2011 година за најдобра гранична ЦИ избрана е ЦИ Табановце – автопат, Царинарница Куманово, а за најдобра внатрешна ЦИ избрана е ЦИ Скопје 3, Царинарница Скопје.

Во 2011 година се донесени 41 решение за едномесечно зголемување на платата на вработени во Царинската управа за постигнати надпросечни резултати во работата.

Во 2011 година се покренати 42 постапки за утврдување на постоење дисциплинска одговорност (21 во 2010 година). Изречени се 5 дисциплински мерки за престанок на работен однос со отказ, 16 одлуки за запирање на постапката заради неутврдена одговорност или застареност за изрекување на дисциплинска казна, 17 одлуки за парични казни во висина од 15% од последната месечна плата во траење од еден до шест месеци и 4 писмени предупредувања. Заради покажани незадоволителни резултати во работењето од страна на царинските службеници донесени се 64 решенија за намалување на платата во висина од 15% за тековниот месец. Во 2011

година 5 царински службеници беа привремено отстранети од работа (суспендирани) поради основано сомнение за сторени кривични дела поврзани со вршење на службените должности (1 во 2010 година).

Во 2011 година, Царинската управа во соработка со Управата за финансиска полиција поднесе 3 кривични пријави против 4 царински службеници поради основано сомнение за злоупотреба на службената положба, како и против одговорните лица во правните лица. Во истиот период, во соработка со Министерството за внатрешни работи, поднесена е една кривична пријава против еден царински службеник со основано сомнение за сторена злоупотреба на службената положба.

### *Синдикални активности*

Самостојниот синдикат на Царинската управа во текот на 2011 година беше активен на повеќе полиња. Издвои еднократна парична помош за 10 вработени во Царинската управа, во повеќе наврати обезбеди билети за посета на културно забавни манифестации, активно учествуваше во донесувањето на измените на колективниот договор на Царинската управа, воспостави контакти за идна блиска соработка со синдикалните организации на цариниte на Бугарија и Србија. Се одржа годишно синдикално собрание на кое се презентираше работата и реализираните активности и извештајот за материјалноо финансискoто работење на синдикатот за 2010 година. Самостојниот синдикат на Царинската управа, во 2011 година, ја продолжи традицијата на организирање на синдикални спортски игри. Игрите беа организирани во Охрид и се одвиваа во осум дисциплини: мал фудбал, кошарка, одбојка, стрелаштво, шах, пинг-понг, пикадо и влечење на јаже. На нив зедоа учество околу 200 цариници. Дружењето и соработката на вработените во Царинската управа преку спортски игри, придонесува за подобрување на комуникацијата и понатамошното градење и зацврстување на тимската работа.



По повод Царинскиот празник, Царинската управа, во соработка со Републичкиот завод за трансфузиологија, во април 2011 година организира крводарителска акција. Вработените во Царинската управа покажаа голема хуманост и свест за значењето на крводарувањето. На акцијата, организирана на 5 пункта низ државата, 145 вработени во Царинската управа даруваа крв..Постои желба оваа акција да прерасне во традиција.



## *Управување со финансиски и нефинансиски ресурси*

Правилната организација на работата и соодветната административна поддршка претставуваат основа за рационално користење на ресурсите и ефикасно спроведување на царинските надлежности. Покрај системските решенија воведени во претходните години, во 2011 година Царинската управа продолжи со унапредување на системите и процедурите за управување со сите видови на ресурси во сите области.

Во септември 2011 година Царинската управа донесе **Основни сметководствени политики** кои се однесуваат на евидентирање на трансакции кои произлегуваат од извршувањето на нејзините функции и ќе се користат за сметководствено и финансиско известување. Истовремено, Царинската управа донесе и измени и дополнувања на **Упатството за ликвидирање на сметководствени документи**, со цел прецизирање на надлежностите во работата со фактури и нивно усогласување со EDMS.

Во јануари 2011 година Царинската управа донесе ново **Упатство за начинот на наплата на административни такси** со кое се уредува начинот и постапувањето во Царинската управа при обработка на поднесоци и преземање на дејствија во управна постапка за кои се наплатува административна такса. Во октомври 2011 година Царинската управа донесе и **Упатство за евиденција на административни такси во EDMS**, со кое е регулирано евидентирањето на административните такси.

Во декември 2011 година е уредена работата со софтверската апликација „Наплата“ (**Корисничко упатство за работа со Модул за приливи - одливи**, со кое се уредува начинот, постапката и надлежноста за вршење увид и пребарување во автоматски евидентиран дневен прилив на средства, **Корисничко упатство за работа со Модул за гаранции**, со кое се уредува начинот, постапката и надлежноста за евидентирање на гаранции за обезбедување на долг, **Корисничко упатство за работа со Модул за депозити**, со кое се уредува начинот, постапката и надлежноста за евидентирање на налози за поврат на средства од депозитна сметка, **Корисничко упатство за работа со Модул за враќање на средства**, со кое се уредува начинот, постапката и надлежноста за евидентирање на извршни управни решенија за враќање на средства и следење на нивното извршување/спроведување, **Корисничко упатство за работа со Модул за дополнително пресметан царински долг**, **Корисничко упатство за работа со Модул за распоред на средства**, со кое се уредува начинот, постапката и надлежноста за генерирање распоред на средства и доставување на податоци во електронска форма до Министерството за финансии, како и **Корисничко упатство за работа со Модул за реферати на наплатени приходи со потврди за плаќање на давачки).**

Во 2011 година Царинската управа донесе и **Упатство за начинот на пресметка на компензаторна давачка, компензаторна камата и казнена камата**, со кое се уредува начинот, постапката и надлежноста за пресметка на компензаторна давачка, компензаторна камата и казнена камата, како и надлежноста за следење на нивната наплата.

# АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

Во август 2011 година е изменето и дополнето **Упатството за вршење на службени патувања во Царинската управа** со цел негово усогласување со измените и дополнувањата на Законот за Царинска управа.

## ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Царинската управа и во 2011 година продолжи со активности за натамошно олеснување и забрзување на царинските постапки, а со тоа и на вкупните економски активности во државата. Во овој контекст, Царинската управа во март 2011 година формираше **Комитет за поедноставување и забрзување на царинските постапки.** Комитетот на редовна основа ја анализира регулативата, меѓународно прифатените стандарди и договори и нивната практична примена, како и организациската поставеност за спроведување на постапките за увоз, извоз и транзит и предлага мерки за олеснување и забрзување на трговијата и транспортот. Комитетот ја следи реализацијата на националното законодавство и интерните акти на Царинската управа, ја унапредува соработката со Советодавното тело и предлага мерки за поедноставување и забрзување на царинските постапки. Комитетот има **Деловник за работа** со кој се уредува начинот на неговата работа, правата и обврските на координаторот и членовите, како и вршењето стручните и административни работи.

### *Поедноставување на царинските процедури*

Во 2011 година Царинската управа го уреди и поедностави постапувањето во повеќе царински постапки, при што се донесени повеќе интерни акти, како што се:

- **Измени и дополнувања на Упатството за транзитна постапка** со што се прецизира начинот и постапката за определување на подолги рокови за завршување на транзитните операции, а со цел усогласување со одредбите на Законот за работно време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај;
- **Упатство за електронско издавање на TIR сертификати**, со кое се уредува надлежноста и одговорноста на комисиите за работата со модулот за издавање на TIR сертификати, кој функционира во рамки на Системот за информирање на менаџментот (СИМ);
- **Упатство за начинот и постапката на одобрување на одложување на плаќање на царински долг** со кое се уредува начинот и постапката кои ги спроведуваат организационите единици на Царинската управа при одложување на плаќањето на сите давачки и даноци за кои царинските органи се надлежни да ги наплаќаат во царинска постапка;
- **Упатство за начинот и постапката за издавање на одобрение за одобрен извозник согласно спогодбите/договорите за слободна трговија** и **Упатство за издавање на одобрение за користење на методот на сметководствено раздвојување** со кои се уредува начинот и постапката која ја спроведуваат организационите единици при одлучување по барањата за издавање одобрение за одобрен извозник во рамки на спогодбите/договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со одредени земји или група на земји.
- **Упатство за примена на Законот за ветеринарно здравство,** со кое се уредува начинот и постапката која ја спроведуваат организационите единици на Царинската управа при транзит и увоз на животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло врз основа на одредбите од законот;
- **Упатство за примена на законот за лекови и медицински помагала**;

- **Упатство за начинот на постапување со пратки домашни миленици при транзит и увоз**, со кое се опишува начинот на вршење на проверки и преглед на пратките домашни миленици;
- **Прирачник за користење на апликацијата за увоз и транзит на пратки домашни миленици кои не се наменети за трговија**, со кое се уредува начинот и постапката за евидентирање на податоците во електронската апликација БОРДЕР – евиденција на домашни миленичиња;
- **Насока за определување на царински испостави за увозно царинење на моторни возила**, со која се определуваат царинските испостави надлежни за увозно царинење на моторни возила, врз основа на член 70, став 2 од Царинскиот закон.

## *Услови за спроведување на царинските постапки*

Во втората половина на годината, согласно одлука на Владата на Република Македонија, **Агенцијата за храна и ветеринарство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Државниот инспекторат за земјоделство започнаа целосно спроведување на нивните инспекциски надлежности на граничните премини** (дотогаш инспекциските надлежности ги вршеа скоро целосно само во внатрешните царински испостави). На овој начин започна воспоставувањето на поефикасни заеднички контроли и забрзување на царинските формалности на граничните премини, со истовремено унапредување на квалитетот на контролата на безбедноста и квалитетот на производите. Оваа мерка придонесе за зголемување на бројот на декларации обработени во поедноставена царинска постапка при увоз за 30%.

> Во 2012 година Царинската управа ќе воведе критериуми и начин на мерење и презентирање на времетраењето на царинските постапки на сите нивоа усогласен со стандардите ЕУ, како и нивно објавување на интернет страницата на редовна основа

Согласно препораките од Рамката на стандарди на СЦО за олеснување на меѓународната трговија, како и согласно европските стандарди и најдобри пракси, на 4.11.2011 година, **на граничниот премин Табановце беше ставена во употреба посебна лента за излез на празни товарни возила и товарни возила натоварени со лесно расиплива стока и стока со ризик од измама**. На овој начин, во постојана координација со полициската служба, се обезбедува олеснување на протокот на лица и стоки преку државната граница.

Во 2011 година **е прекината праксата за ставање на службен печат и печат „оцаринето“ на придружните документи кон царинската декларација** (фактура, товарен лист и др.), за што не постоеше правна основа. Со овој потег се преполови бројот на потребни фотокопии на документи кои се приложуваат кон царинската декларација, а истовремено се забрза времето на процесирање на царинските декларации за приближно по 5 минути по царинска декларација. Истовремено, **започна да се применува законската можност за употреба на усна царинска**

**декларација за пуштање на комерцијална стока во слободен промет**, со што се постигна олеснување на протокот на стоки, особено во случаите кога висината на трошоците за поднесување на царинска декларација во писмена форма се несразмерни со вредноста и количината на стоката. Покрај ова, **елиминирана е праксата за задолжителната придружба на стоки со поголем ризик од измама**, со што значително се забрзува и олеснува транзитот на ваквиот вид на стоки.

Кон крајот на 2011 и почетокот на 2012 година, на граничните премини Богородица, Ќафасан, Табановце, Блаце и Деве Баир е овозможено користење на податоците со кои располагаат царинските застапници за стоката која се уште не пристигнала (**pre-arrival информации**). Со оваа мерка се овозможува поднесување и обработка на царинските декларации за транзит пред пристигање на стоката на граничниот премин. По обработката на декларацијата и извршената анализа на ризик, откако камионот ќе пристигне на граничниот премин, се врши преглед согласно анализата на ризик и веднаш се ослободува во транзитна постапка. Истовремено се изврши промена на редоследот на вршење на контроли на инспекциите, на начин што се овозможува комплетна обработка на царинската декларација во царинскиот систем, а стоката се ослободува по добиената соодветна дозвола од надлежната инспекција.

## *Е_Царина*

**На крајот на 2011 година во целокупниот информативен систем на Царинската управа – МАКЦИС беа регистрирани 1.420 надворешни корисници.**

Царинската управа перманентно работи на воведување електронски услуги на своите клиенти и партнери. Покрај поратолот за електронска комуникација – ПЕК во рамки на EDMS, Царинската управа во 2011 година работеше на воведување и унапредување на повеќе информатички системи за електронски услуги, меѓу кои поважни беа електронскиот систем за издавање на увозни и извозни дозволи и тарифни квоти (Single Window/One Stop Shop) - EXIM, електронско аплицирање за одобренија за постапки со економски ефект и системот за обработка на царински декларации – СОЦД.

Во ноември 2008 година Владата на Република Македонија го воведе EXIM, чија работа беше уредена со Уредба за воспоставување и начинот на користење на информациониот едношалтерски систем за увоз, извоз и транзит.

Преку посебен интернет портал на Царинската управа, (www.exim.gov.mk), економските оператори можат, без плаќање никаков надомест, од своите компјутери од било кое место во државата (потребен е дигитален сертификат) да бараат и да добијат шеесетина увозни и извозни дозволи и тарифни квоти од 15 државни институции.

# ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Во март 2011 година во EXIM имплементирани се нови функционалности кои на државните органи – корисници на системот им овозможуваат електронска евиденција и администрација на регистри во нивна надлежост. **EXIM е унапреден и со модул за транспортни дозволи и зголемена е безбедноста на пристапот на корисниците во системот**. На економските оператори овозможени им се поквалитетни и побрзи услуги. **Во 2011 година преку EXIM се издадени над 66 илјади разни увозни и извозни дозволи.**

| Вид на дозвола | Број на издадени дозволи | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| Одобрение за увоз на ветринарно медицински препарати | 112 | 147 | 166 |
| Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз | 153 | 234 | 295 |
| Ветеринарен влезен документ за живи животни | 353 | 361 | 520 |
| Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | 1,282 | 3,010 | 12,694 |
| Согласност пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | 14,037 | 23,972 | 25,277 |
| Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз | 33 | 90 | 108 |
| Потврда за сообразност на единечно прегледано возило | 2,202 | 478 | 0 |
| Решение за упис/одбивање во регистар на Биро за метрологија при увоз | 1,752 | 1,939 | 550 |
| Дозвола за увоз на нова и употребувана техничка стока со разладни средства | 92 | 396 | 500 |
| Дозвола  за извоз на прекурзори | 91 | 191 | 186 |
| Дозвола за извоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 128 | 555 | 523 |
| Дозвола за увоз на прекурсори | 69 | 214 | 234 |
| Одобрение за увоз на лекови | 741 | 2,500 | 2,763 |
| Одобрение за увоз на медицински помагала | 550 | 1,983 | 3,165 |
| Одобрение за увоз на опасни и други видови на хемикалии | 223 | 712 | 827 |
| Дозвола за увоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 35 | 150 | 159 |
| Дозвола  за транспорт/транзит на опасни материи | 204 | 815 | 880 |
| Согласност за царинење на предмети за општа употреба | 3,883 | 6,891 | 7,710 |
| Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри | 1,636 | 5,406 | 8,596 |
| Одобрение за увоз на семе и саден материјал | 172 | 510 | 11 |
| Одобрение за увоз на производи за заштита на растенијата | 21 | 166 | 195 |
| Уверение за извоз и изнесување на незаштитени  културни добра | 351 | 285 | 257 |
| Други дозовли | 512 | 1,076 | 1,202 |
| | **28,632** | **52,081** | **66,818** |

Увозот за облагородување претставува значително голема економска активност во Република Македонија. Поради карактерот на работата која често бара брзо прилагодување кон нарачките од странските партнери, мошне важна е брзината на доставувањето и обработката и издавањето на овој вид одобренија. На почетокот на 2010 година Царинската управа воведе **web апликација за електронско поднесување на барање дозвола за увоз за облагородување**. Преку оваа апликација, покрај во хартиена форма, економските оператори можат и преку интернет страницата на Царинската управа да ги доставуваат своите барања, со што значително се намалува времето за нивна администрација и процесирање и се зголемува транспарентноста и следливоста. Во **тек е надградба на апликацијата со дигитален потпис, електронско задолжување на увозот и воведување на можност**

**за електронско аплицирање и добивање одобренија за други видови царински постапки со економски ефект (царински склад, поедноставени постапки итн).**

Имајќи ги предвид наодите на IT Awareness мисијата на DG TAXUD за некомпатибилност на националниот СОЦД за интерконетирање и интероперабилност со царинските информатички системи на ЕУ, како и констатираната несоодветност на системот да ги задоволи зголемениот обем на работа и новите потреби за спроведување царински постапки и царинска контрола, врз основа на спроведена постапка, на почетокот на 2009 година Царинската управа со избраниот понудувач склучи договор за набавка на нов СОЦД. Софтверот не беше испорачан во роковите предвидени со договорот, поради што, во мај 2011 година договорот беше раскинат. **Во 2011 година е започната нова постапка за набавка на СОЦД**. Новиот СОЦД треба да биде изработен според последните стандарди на ЕУ, да овозможи натамошно усвојување и спроведување на царинското законодавството на ЕУ, како и воведување на повисоки стандарди во автоматската обработка на царинските документи, управување со акцизите и активностите за заштита на правата од интелектулна сопственост.

## *Акцизи*

Во 2011 година Царинската управа донесе повеќе процедури за уредување на администрирањето и контролата на акцизите. Во јануари 2011 е донесено **Упатство за начинот и постапката за враќање на акциза за употребен течен нафтен гас (ТНГ) во процес на производство** со кое се уредува начинот и постапката при одлучување по барањата за враќање на платената акциза за употребен течен нафтен гас во процес на производство. Во април е донесено **Упатство за враќање на платена акциза на посебни субјекти**, со кое се уредува начинот и постапката при одлучување по барањата поднесени од страна на посебни субјекти за враќање на платена акциза за набавени акцизни добра во Република Македонија. Во декември 2011 година е донесено **Упатство за начинот и постапката за издавање на акцизна дозвола**, со кое се уредува начинот и постапката кои ги спроведуваат организационите единици на Царинската управа при обработката и одлучувањето по поднесените барања за издавање на акцизна дозвола, како и **Упатство за издавање на одобрение за акцизно повластено користење**, со кое се уредува начинот и постапката кои ги спроведува Царинската управа на Република Македонија при одлучување по поднесените барања за издавање на одобрение за акцизно повластено користење. Истиот месец е уредена работата со софтверската апликација за акцизно работење со донесување **Корисничко упатство за работа со информациониот систем „ДАНИС“** за преглед, обработка и евидентирање на податоци од издадени акцизни дозволи и одобренија за акцизно повластено користење, акцизни пријави и извршени уплати на акциза. Во декември 2011 година Царинската управа донесе и **Упатство за вршење надворешна контрола на иматели на акцизни дозволи, одобренија или корисници на акцизни добра**, со кое се уредува планирањето, подготовката и начинот на вршење надворешна контрола на иматели на акцизни дозволи, одобренија или

корисници на акцизни добра во Царинската управа, како и подготовката и постапувањето по записникот за извршена контрола.

## *Обем на работа*

| Вид на одобрение | Состојба на одобренија по години | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Одобрение за царинско застапување** | **250** | **271** | **290** | **310** | **321** |
| **Лиценца за царинско застапување** | **570** | **570** | **750** | **883** | **913** |
| **Царински постапки со економски ефект** | **302** | **346** | **337** | **329** | **326** |
| Одобрение за увоз за облагородување | 225 | 260 | 249 | 237 | 234 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 3 | 10 | 15 | 12 | 13 |
| Одобрение за царинско складирање | 73 | 76 | 73 | 80 | 78 |
| Други видови одобренија | 1 | | | | 1 |
| **Поедноставени царински постапки** | **51** | **45** | **102** | **164** | **200** |
| Одобрение за локално царинење при увоз | 11 | 11 | 24 | 40 | 46 |
| Одобрение за локално царинење при извоз | 26 | 21 | 44 | 55 | 76 |
| Одобрение за овластен примач во транзит | 13 | 12 | 26 | 50 | 55 |
| Одобрение за овластен испраќач | 1 | 1 | 8 | 19 | 23 |
| **Акцизи** | **0** | **0** | **0** | **359** | **393** |
| Акцизни дозволи | | | | 89 | 95 |
| Одобрение за акцизно повластено користење | | | | 270 | 298 |
| **Вкупно** | **1,173** | **1,232** | **1,479** | **2,045** | **2,153** |

Во 2011 година Царинската управа продолжи со спроведување постапки за издавање лиценци и одобренија за застапување во царински постапки. **На крајот на 2011 година во Република Македонија 321 фирма имаа одобрение за вршење работи на царинско застапување, а 913 лица имаа лиценца за вршење работи на царинско застапување.** Бројот на иматели на одобренија на крајот на 2011 година изнесуваше 326, што е приближно еднакво на претходните години. Кампањата и мерките за намалување на административните бариери резултираа со значително подобрување на квалитетот на статистичките податоци и рапидно зголемување на примената на поедноставените царински постапки. Имено, кон крајот на 2011 година околу 30% од извозот и околу 20% од извозот е процесиран во поедноставени царински постапки. Употребата на поедноставените царински постапки расте, посебно т.н. локално царинење (издадени се околу 120 одобренија), како и овластен приемач и овластен испраќач, а се зголемува и употребата на ЗТИ и акцизни дозволи.

Царинската управа во изминатата година обработи 1.037 илјади ЕЦД што е за 4,4% повеќе во однос на 2010 година. Во 2011 година се обработени 438 илјади транзитни ЕЦД, што е за 4,6% повеќе во однос на 2010 година, 213 илјади извозни ЕЦД што е за 3% повеќе во однос на 2010 година и 387 илјади увозни ЕЦД, што е за 5% повеќе во однос на 2010 година. Забележливо е дека трендот на зголемувањето на примената на поедноставените царински постапки од страна на економските оператори продолжи и во 2011 година за сметка на редовните царински постапки кои забележуваат опаѓање.

| Вид на царинска декларација | Број на обработени декларации (во илјади) | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | |
| **Транзит** | **444** | **443** | **362** | **418** | **438** | **2,105** |
| **Увоз** | **270** | **301** | **296** | **368** | **386** | **1,621** |
| Редовна постапка | 253 | 265 | 265 | 313 | 301 | 1,397 |
| Поедноставена постапка | 17 | 36 | 31 | 55 | 85 | 224 |
| **Извоз** | **213** | **220** | **192** | **207** | **213** | **1,045** |
| Редовна постапка | 173 | 173 | 143 | 137 | 136 | 762 |
| Поедноставена постапка | 40 | 47 | 49 | 70 | 77 | 283 |
| **Вкупно** | **927** | **964** | **850** | **993** | **1,037** | **4,771** |

Имено, во 2011 година во поедноставена царинска постапка се обработени 163 илјади

# ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

ЕЦД или 27,% од вкупно обработените увозни и извозни царински декларации, споредено со 21% поедноставени постапки во 2010 година. Од вкупно обработените увозни ЕЦД во 2011 година, 22% се спроведени во поедноставена царинска постапка, споредено со 15% во 2010 година. Кај извозот е слична ситуацијата – од вкупно обработените извозни ЕЦД во 2011 година, во поедноставена царинска постапка се спроведени 36% ЕЦД, споредено со 33,7% во 2010 година. Ова значи дека економските оператори сè повеќе ги прифаќаат и применуваат поедноставените царински постапки, со што се постигнува поголема ефикасност и значително се намалува времето на чекање и трошоците за вршење увоз, извоз и транзит.

Во 2011 година границите на Република Македонија ги поминаа 1.002 илјади товарни моторни возила, 121 илјади автобуси, 3.050 илјади патнички моторни возила, 204 илјади вагони и 11.760 воздухоплови.

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ

Царинската управа е должна да спроведува контроли на примената на законите од аспект на наплатата на буџетските приходи, спречување на нелегална трговија и нелојална конкуренција, спречување трговија со забранета стока и финансирање тероризам, заштита на животот и здравјето на луѓето, како и заштита на животната средина и културното наследство. Во овој период Царинската управа интензивно работеше на унапредување на институционалниот и административниот капацитет во оваа област, пред сè преку воведување и институционализирање на одржливи системи за царинска контрола базирана на анализа на ризик, царинско разузнавање, контрола на трговски друштва, работа на специјалните единици, како и преку перманентен и динамичен развој на информатичката и комуникациската поддршка и воведување современи технологии, средства и апарати.

## *Основна рамка*

Во април 2011 година Царинската управа формираше **Комитет за контрола и безбедност**, кој има за цел да го поддржи системскиот развој на капацитетот на Царинската управа за спроведување на царинската контрола, предистражните и истражните мерки, како и разузнавачките активности за откривање на прекршоци и кривични дела. Комитетот ги анализира применетите методи, средствата и законската рамка за спроведување царински контроли и предлага насоки за нивен развој. Комитетот има **деловник за работа** со кој се уредува начинот на работа, надлежностите на координаторот и членовите и административната поддршка. На почетокот на 2011 година Царинската управа формираше и **Комитет за управување со ризик**, кој перманентно ги анализира системите за анализа на ризик и постигнатите резултати од контролата базирана на анализа на ризик, врз чија основа предлага мерки за унапредување на работата во оваа област. Начинот на работа, како и правата и обврските на координаторот и членовите, се уредени со **Деловник за работа на Комитетот за управување со ризик.** Во јануари 2011 година Царинската управа донесе **Стратегија за управување со ризик 2011-2014**, која треба да обезбеди подобрување на ефективноста и ефикасноста на службата во целина и систематско идентификување и примена на сите мерки потребни за ограничување на ризикот, со цел поуспешно справување со ризиците при извршувањето на надлежностите на Царинската управа.

## *Разузнавање*




Царинското разузнавање како процес на собирање, средување, оценување, анализирање и дистрибуирање на информации во вистинско време и на вистинско место, е еден од водечките процеси за откривање и спречување на криминал од секаков вид во рамките на Царинската управа, и како такво, следејќи ги европските стандарди, е во постојан развој. Со цел подобрување на ефикасноста во извршување на разузнавачките активности Царинската

управа во февруари 2011 година донесе ново **Упатство за работа со апликацијата Систем на пораки на Југоисточна Европа – SEMS,** со кое се уредува начинот на работа и стандардните процедури на работа со апликацијата. SEMS овозможува комуникација помеѓу организационите единици на Царинската управа преку шифрирани e-mail пораки и се користи исклучиво за размена на податоци кои поради својата природа не можат да се пренесат преку другите средства на комуникација или кога неовластениот пристап кон податоците може да предизвика штета по интересите на Царинската управа.

Со цел интензивирање на меѓуинституционалната соработка Царинската управа во октомври склучи **Меморандум за соработка со Агенцијата за разузнавање**, со кој се договорени областите на соработка помеѓу двете институции, начинот на соработка и размена на информации, како и соработка во делот на едукација и усовршување и соработка со други органи и тела.

Кон крајот на 2011 година Царинската управа донесе ново **Упатство за работа со информатори**, со кое се утврдуваат мерките за безбедна работа со лицата што даваат информации и нивна заштита, стандардниот пристап при нивната идентификација, подготовка и управување, со цел обезбедување на постојан проток на квалитетни информации, процедурите за прибирање и чување на информации од информаторите и условите и процедурите за давање награда и надомест. Донесено е и **Упатство за централна листа на осомничени – ЦЛО**, со кое се уредува надлежноста и одговорноста на организационите единици во Царинската управа и на царинските службеници во подготовката и користењето на ЦЛО (список на осомничени физички и правни лица и возила за кои оправдано се смета дека треба да им се посвети дополнително внимание при било каква царинска контрола).

Во декември 2011 Царинската управа донесе и **Упатство за фотодокументирање и фотоархивирање**, со кое се пропишуваат стандардните процедури на фотодокументирање и начинот на фотоархивирање на откриени прекршоци, кривични дела и други видови незаконски дела од областа на царинското работење, како и специфицирање на потребната опрема за фотографирање.

Царинската упрва активно учествуваше, ги координираше и организираше на национално ниво следниве меѓународни операции и проекти **во организација на Светската царинска организација и SELEC**:

- **Операција AVALANCHE** – иницирана од Царинската управа на Република Македонија, за сузбивање на царински измами поврзани со вредност и потекло на стоки
- **Операција GLOBAL HOAX II –** чија цел беше откривање, спречување и заплена на пиратски и фалсификувани стоки криумчарени преку брза пошта или поштенски пратки.
- **Проект FAIR PLAY II** – за заштита на правата на интелектуална сопственост на логото на Олимписките и Параолимписките игри што ќе се одржат во Лондон во 2012 година, организиран од Светската царинска организација, RILO и ZKA.
- **Операција PANGEA IV** – за борба против нелегални веб-сајтови со понуда на нелиценцирани и фалсификувани лекови, организирана од INTERPOL, Светската царинска организација, IMPACT, PFIPC и HMA WGEO.

- **Проект GLOBAL SHIELD –** фокусиран на размена на информации меѓу земјите учеснички за легалните увози, извози, транзити и трговија со високо ризични хемикалии, чија крајна цел е откривање на компании кои што се занимаваат со нелегален увоз, извоз, транзит и трговија со истите, како и со нелегално производство на експлозиви.
- **Операција SHORT CIRCUIT** – за борба против фалсификувани електрични апарати, организирана од Светската царинска организација, а реализирана во периодот од 1.7.2011 до 30.9.2011 година.
- **Операција TROJAN HORSE II** – чија цел беше откривање и заплена на фалсификувани стоки кои влегуваат во земјите членки на SELEC преку комерцијални пратки по копнен и поморски пат, како и фалсификувани фармацевтски производи криумчарени преку брза пошта или поштенски пратки.
- **Операција BLACK PEARL II –** чија цел беше откривање на нелегални активности во прекуграничниот промет на нафта и нафтени деривати, како и размена на информации меѓу сите земји учеснички во операцијата за легалниот и нелегалниот промет на нафта и нафтени деривати.

## *Анализа на ризик*

Управувањето со ризик има за цел ефикасна и ефективна селекција на царинските пратки каде постои повисок ризик дека не се во согласност со законските прописи и насочување на расположивите ресурси кон овие пратки, како и овозможување на слободен проток со минимум задржување во трговијата каде не постои ризик

Во мај 2011година Царинската управа воведе електронскастоп листа на осомничени возила за кои основано се смета дека треба да им се посвети дополнително внимание при вршењето на царинските контроли. Истиот месец е донесено **Упатство за користење на стоп листи при излез од Република Македонија**, со кое се уредува надлежноста и одговорноста на организационите единици во Царинската управа и на царинските службеници при нивна подготовка и користење.

Во 2008 година е воведен **електронски систем за лиценцирање, евиденција и анализа на ризик на стоки со двојна употреба**, тн. ТРACKER. Податоците во системот ги ажурираат Министерството за одбрана и Министерството за економија. Во септември 2011 Царинската управа донесе **Упатство за работа со апликацијата TRACKER за контрола на стоки и технологии со двојна намена**, со кое се пропишува начинот на работа и стандардните процедури на работа со апликацијата.




Царинската управа воведе систем за **поставување и следење на минимални квантитативни цели за спречување нелегална трговија и за олеснување на трговијата, уреден со посебно упатство**. За секоја царинска испостава се

поставуваат квантитативни таргети за секоја година, поделено на квартали и месеци, со обврска за известување за реализацијата. Таргетирани области се царинењето на стока (недекларирана стока, документи за докажување на царинската вредност како основа за пресметка и плаќање на увозни давачки, валидност на сертификати за преференцијално потекло на стоката како доказ за неплаќање увозни давачки, тарифното распоредување, повреда на права од интелектуална сопственост, физичка и документарна инспекција и др.), како и царинската контрола на граничните премини (број на заплени на стока, царински прекршоци, девизни прекршоци, повреда на права од интелектуална сопственост и др.). Во април и август 2011 година донесе **измени и дополнувања на Упатството за поставување и следење на минимални квантитативни цели за спречување нелегална трговија и за олеснување на трговијата**, како и **измени и дополнувања на Упатството за вршење селективни контроли во царинското работење**, со кое се уредува начинот на нивно вршење во присуство на мобилен скенер за контрола на товарни моторни возила.

Кон крајот на 2011 година Царинската управа **го измени Упатството за спроведување на царински надзор и контрола на пратки на стока со поголем ризик од измама**, со што е елиминирана задолжителната придружба на стоки со поголем ризик од измама, со што значително се забрзува и олеснува транзитот на ваквиот вид на стоки. Царинската управа, согласно системот за анализа на ризик, ќе организира ваква придружба во ретки случаи кога тоа е неопходно.

Во 2010 година Владата на Република Македонија донесе Елаборатот за воспоставување на **единствен интергиран електронски систем за управување со ризик - САР** во кој ќе бидат вклучени сите институции кои вршат инспекциски надзор при увозот и транзитот на стоки. САР ќе овозможи електронска обработка на критериумите за анализа на ризик на сите инспекциски органи истовремено, при првиот внос на податоци за влез и транзит на стока во електронскиот систем за обработка на царински декларации. Истовремено, САР ќе ја забрза постапката на спроведување на потребните формалности на граничните премини и ќе создаде услови за извршување на т.н. „One Stop Shop" контрола на едно место, од страна на сите институции кои вршат инспекциски надзор. Размената на потребните информации помеѓу надлежните органи во вистински момент, ќе овозможи зголемување на ефикасноста при селектирањето на вистинските цели. **Во 2011 година е подготвена и техничка спецификација и во тек е постапка за обезбедување финансиски средства за изработка на софтверот.**

## *Контрола и истраги*

Во 2011 година Царинската управа продолжи да развива системски решенија за поефикасно спроведување на царински надзор и контрола.

Со цел обезбедување организирана и систематизирана поддршка на царинските истражни активности, во февруари 2011 година Царинската управа донесе **Упатство за работа на Одделенито за истраги**.

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ

Во јануари 2011 година Царинската управа донесе **Упатство за верификација на докази за потекло** со кое се уредува постапката за верификација на доказите за преференцијално потекло на стоката, издадени во согласност со договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со земјите членки на ЕУ, ЕФТА и ЦЕФТА, како и со Турција и Украина. Во јуни 2011 година, Царинската управа донесе и **Упатство за постапување при откривање на двојни фактури**, со кое се уредува начинот на постапување при откривање на двојни фактури при контрола на стоки, поштенски пратки и товарни моторни возила. Во март 2011 година, Царинската управа донесе **Упатство за подготовка и поднесување на кривична пријава,** со кое се уредува начинот на подготвување, изработка и поднесување на кривична пријава за кривични дела од областа на обичниот и организираниот криминал и корупција. Во февруари 2011 година е дополнето **Упатството за дополнителна проверка на документи за утврдување на царинска вредност**.

Во 2011 година Владата на Република Македонија формираше Координативно тело за надзор на пазарот. Во овој контекст, во јуни Царинската управа донесе **Упатство за примена на Законот за надзор на пазарот** (ревидирано во јули, август, септември и ноември 2011 година), со кое се уредуваат предметот, надлежностите и постапките при вршењето царинска контрола согласно Законот за надзор на пазарот од аспект на квалитетот и безбедноста на производите кои се внесуваат на пазарот во Република Македонија.

Во рамки на Проектот за натамошен развој на царинската служба, финансиран од ЕУ во рамки на ИПА 2007, Царинската управа обезбеди **специјални детектори за откривање наркотици и експлозивни материи.** Во декември 2011 година, Царинската управа донесе **Упатство за работа со електронски детектори за наркотици и експлозив**, со кое се уредува организацијата на работа, начинот на поставување, користењето и чувањето на електронските детектори за наркотици и експлозив. Истовремено, Царинската управа донесе **ново Упатство за работа со патролни моторни чамци во Царинската управа и Прирачник за работа со моторен чамец**, со кои се уредува организацијата и работата со патролните чамци, поставувањето, користењето и чувањето на опремата за работа, како и обуката на царинските службеници на кои им е доделено да ракуваат со нив.

Во февруари 2011 година Царинската управа воведе **Електронски дневник за дневните активности** на Одделението за координација и комуникација – ОКК, а истото е уредено со изменување и дополнување на Упатството за работа на ОКК (целосно усогласено со Законот за заштита на лични податоци). Основна задача на ОКК е прием на информации, првична анализа, проценка и нивно процесирање, давање логистичка подршка на царинските работници на терен и во царинските испостави, управување со **CCTV[15], ANPR[16]**, системот за следење на службените возила на Царинската управа (GPS), администрирање на отворената

[15] Closed Circuit Television (телевизија од затворен тип)
[16] Automated Number Plates Recognition

телефонска линија 197 за пријавување криминал и корупција, како и координирање на системите за анализа на ризик и царински надзор вон редовното работно време.

Кон крајот на 2011 година е **надграден системот за видеонадзор со поставување на нови камери и миграција на веќе постоечките камери во новите објекти на Аеродромот „Александар Велики“**. Направено е пренасочување на камери на ЦИ Ново Село – патнички отсек и ЦИ Стење, како и преселба на камери и поставување на нови во новиот објект на ЦИ Блаце.

### *Царинска лабораторија*

Во август 2008 година, со одобрување од Владата на Република Македонија, **Царинската управа и Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет (ПМФ) потпишаа Договор за деловно-техничка соработка.** Согласно овој Договор, царинската лабораторија работи во просториите на Институт за хемија при ПМФ. Методите за анализи заеднички ги подготвува стручен тим составен од научно истражувачкиот кадар од Институтот за хемија и вработените во Службата за царинска лабораторија. Оттогаш Царинската управа перманенто работи на развивање на системите, методите и опремата за работа на царинската лабораторија. Активностите се насочени кон подготовка на документација за акредитација на царинската лабораторија согласно барањата на ISO 17025, како и валидација на методи кои ќе бидат предмет на акредитација и понатамошно усогласување на аналитичките методи согласно европските стандарди.

Во март 2011 година, Царинската управа донесе **Упатство за прием, употреба и контрола на мерно-техничката опрема што се користи во царинската лабораторија,** изготвено согласно барањата на стандардот ISO 17025. Со ова Упатство се уредува начинот на ракување, одржување и исправноста на инструментите кои се користат во царинската лабораторија. Следниот месец е донесено **Упатство за работните простории на Царинската лабораторија, одржување и пристап на службени и надворешни лица**, со кое се уредуваат надлежностите во однос на одржување на лабораториската опрема и хигиената на работните простории, како и контролата на пристапот на надворешни лица во лабораторијата заради обезбедување на системот за чување на деловна тајна, доверливост и сигурност. Во јули 2011 година, Царинската управа донесе и **Упатство за земање на мостри од нафта и нафтени деривати,** со кое се уредува начинот на безбедно земање на репрезентативни мостри од нафта и нафтени деривати, како и соодветниот прибор и амбалажа за земање и чување на мостри. Во август, донесено е и **Упатство за начинот на земање и постапување со мостри за лабораториско испитување,** со кое се уредува постапката за земање и постапување со мостри за испитување во царинската лабараторија, како и **Постапка на спроведување на испитувања во царинската лабораторија,** со која се уредува начинот и редоследот по кој се спроведуваат постојните испитувања дефинирајќи ги одговорностите на учесниците во секоја активност. Истиот месец, Царинската управа донесе и **Постапка на обезбедување на услови на сместување и работна средина во царинската лабораторија**, со која се уредува начинот на кој се обезбедуваат неопходни услови за реализација на активностите и обврските во рамки на лабораторијата.

## КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ

Во 2011 година Царинска лабораторија направи анализи на 430 мостри. Најголем број од анализите се однесуваат на производи од нафта и нафтени деривати каде се применуваат различни акцизи во зависност од намената и нивното користење, потоа производи на прехранбената и на хемиската индустрија, производи од пластични маси, производи на млечната и месната индустрија, машини, апарати и електрична опрема, текстилни материјали, производи од растително потекло, растителни и животински масти и масла, прости метали и нивни производи како и, производи од неорганско и минерално потекло. Од вкупно анализираните мостри, во 73 случаи е констатирано несоодветно тарифно распоредување, врз чија основа се преземени законски мерки за дополнителна наплата на царински долг и санкционирање согласно законот.

### *Контрола на трговски друштва*

Царинската управа перманентно го надградува капацитетот за контрола на трговските друштва во областа на редовното царинско работење, издадените одобренија за царински постапки со економски ефект, акцизни одобренија и одобренија и лиценци за вршење работи на застапување во царински постапки. Притоа, Царинската управа воспостави стандарди за препознавање и признавање на интегритетот на царинските обврзници како: компании кои сакаат, знаат и се организирани за примена на стандардите за олеснувње и контрола, компании кои сакаат, но на кои им треба помош да се органзираат за примена на стандардите за олеснување и контрола, како и компании кои не се подготвени да се придржуваат кон прописите. Во 2011 година Царинската управа го ревидираше **Упатството за вршење на теренска контрола на трговски друштва** и работеше на подготовка на **Упатство за теренска контрола на имател на одобренија за царински постапки со економски ефект**, како и **Упатство за теренски надзор на имателите на акцизни одобренија**. **Во 2011 година се спроведени 560 контроли на царински обврзници и иматели на царински одобренија.**

### Царинска контрола

| Вид на контрола | Број на контроли по години | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | |
| Контроли на трговски друштва | 145 | 223 | 167 | 60 | 57 | 652 |
| Контроли на иматели на царински одобренија | 280 | 402 | 382 | 357 | 464 | 1,885 |
| Контроли на иматели на акцизни одобренија | 0 | 0 | 0 | 67 | 38 | 105 |
| Контроли на иматели на шпедитерски одобренија | 0 | 4 | 7 | 1 | 0 | 12 |
| Контроли на иматели на други одобренија | 7 | 9 | 10 | 2 | 1 | 29 |
| Вкупно | 432 | 638 | 566 | 487 | 560 | 2,683 |

Во 2011 година е извршен детален преглед на 6.314 товарни моторни возила, 2.516 автобуси, 11.446 патнички моторни возила, 1.215 контејнери, 35 вагони, 175 поштенски пратки и 2.592 прегледи на личен багаж. Привремено е задржана или запленета

голема количина на стоки и производи од секаков вид, во обид да биде сокриени или злоупотребени на разни „инвентивни“ или веќе познати начини, меѓу кои покарактеристични се следните:



*Текстилни производи и обувки*



*Цигари*



*Цигари*



Цигари



*Лекови, медицинска опрема и помагала*




*Храна и пијалоци*



*Техничка стока, алат и електро материјали*



*Златен и сребрен накит*



*Бижутерија: 7,8 илјади парчиња*



*Црвена нафта и гасно масло*



*Моторни возила (автомобили, камиони, автобуси и моторцикли)*



Оружје и муниција



*Козметика, средства за хигиена и прибор*



*Козметика, средства за хигиена и прибор*



*Културно наследство – икони*



*Фалсификувани бланко патни исправи*

Во 2011 година, Царинската управа продолжи со напорите за унапредување на сопствените капацитети и соработката со странски и домашни институции, а пред сè со МВР, за спречување на нелегална трговија со наркотици и психотропни материи, што резултираше со конкретни откритија и заплени, меѓу кои, покарактеристични се подолу опишаните.

Во март 2011 година на царинската испостава Табановце автопат на излез од Република Македонија, царинските службеници запленија **800 грама хероин**. Хероинот бил сокриен во пределот на моторот, обвиен со кафеава самолеплива лента. Истиот месец, на царинската испостава Богородица на излез од Република Македонија, во личниот багаж и облеката на странски државјанин, е пронајден **еден килограм хашиш**, спакуван во 5 кафеави пакувања од по околу 200 грама во цврста правоаголна форма со изглед на чоколадо, обвиткани со најлонска фолија. Осомничениот тврдел дека станува збор за германско чоколадо.



Во април 2011 година на царинската испостава Дојран, во странско патничко моторно возило, во пределот на предната гума од левата и десната страна во чело на праговите од возилото, царинските службеници открија специјално направени отвори, прикриени со сива кит маса, од кои се пристапува во фабричките шуплини на возилото. Во фабричките шуплини од возилото беа пронајдени дваесет пакувања во најлонски кеси, облепени со самолеплива лента и обвиткани со индиго и алуминиумска фолија кои биле врзани со сајли за вадење. Во пакувањата имаше **10,92 килограми хероин.**



Во октомври 2011 година на царинската испостава Табановце – Железничка станица, спречен е обид за криумчарење на околу **6 килограми марихуана**. Дрогата беше пронајдена во вагон на меѓународен патнички воз кој излегувал од Македонија, а возел на редовна линија Скопје-Белград. При проверка на празните купеа, царинските службеници ја пронајдоа марихуаната во две патни торби, вовлечени до самиот ѕид

на купето. Торбите биле покриени со две бели крпи со силен мирис на детергент, а во нив имало 3 пакувања во бели кеси, обвиткани со леплива лента, во кои се наоѓала марихуаната. Истиот месец, на царинската испостава Ќафасан на излез од државата, во патничко моторно возило со македонски регистарски ознаки, царинските службеници пронајдоа **10 килограми хероин** сокриени во задниот браник од возилото и под хаубата во просторот кај вентилацијата.

Во 2011 година, Царинската управа во повеќе наврати спречи внесување и изнесување непријавени готови странски пари над дозволениот максимум, **при што привремено се задржани различни странски пари, вклучително и 164 илјади евра, 58 илјади швајцарски франци и 26 илјади американски долари.**



Во февруари и септември 2011 година на граничните премини Богородица и Табановце беа пронајдени сокриени 6 илегални мигранти без лични документи. Во првиот случај, во товарно моторно возило со македонски регистарски ознаки пријавено за транзитна постапка на граничниот премин Богородица, во товарниот дел од возилото со мобилен скенер беа пронајдени двајца мигранти без лични документи. Во вториот случај, во септември 2011 година во околните ридови на граничниот премин Табановце пронајдени беа четворица мигранти без лични документи.

Во 2011 година, Царинската управа поднесе 77 кривични пријави против 46 правни лица и 104 физички лица, поради основано сомневање за сторени кривични дела. Најголем дел од кривичните пријави се однесуваа на царинска измама и криумчарење.

| Вид на кривично дело | Број на пријави по години | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | |
| Царинска измама | 52 | 51 | 42 | 60 | 39 | 244 |
| Криумчарење | 34 | 38 | 26 | 17 | 13 | 128 |
| Даночно затајување | 10 | 5 | 0 | 0 | 0 | 15 |
| Нелегален промет со акцизна стока | 57 | 38 | 33 | 2 | 7 | 137 |
| Нелегален промет со наркотици | 3 | 2 | 4 | 8 | 7 | 24 |
| Фалсификување документи | 7 | 21 | 5 | 2 | 6 | 41 |
| Други кривични дела | 4 | 10 | 12 | 12 | 5 | 43 |
| Вкупно | 167 | 165 | 122 | 101 | 77 | 632 |

Во 2011 година до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа се поднесени 901 барање за поведување на прекршочна постапка (1.184 во 2010 година). Комисијата реши 129 предмети во итна постапка, каде сторители на царински прекршок се странски државјани, од кои е наплатена глоба во износ од 77.650 евра во денарска противвредност. Во истиот период, решени се 1.153 предмети во редовна постапка со донесување на решенија за наплата на глоба во вкупен износ од 602 илјади евра и 26 милиони денари и задолжително одземање на стоката предмет на царинскиот прекршок. Со постапка за порамнување и посредување решени се 190 предмети со издадени платни налози за правни лица, одговорни лица и физички лица и наплатена е глоба во износ од 19 илјади евра и 643 илјади денари.

## *Заштита на права од интелектуална сопственост*

Царинската управа во 2011 година продолжи да го унапредува системот за борба против пиратеријата преку унапредување на организационата поставеност и техничката опременост, со континуирани обуки на царинските службеници, подигнување на свеста за штетните последици од фалсификуваната стока и заштитата на конкурентноста на домашните и странски производители на стоки со заштитени марки. **На крајот на 2011 година, во Царинската управа беа регистрирани 321 барање за преземање на царински дејства за заштита на права од интелектуална сопственост.** Во 2011 година, Царинската управа постапуваше во 92 случаи на сомневање дека стоката повредува такви права. Привремено се задржани 390 илјади парчиња стока за која постоело сомнение дека повредува право од интелектуална сопственост, од кои покарактеристични се следните:




*Тоалетни производи: 102 илјади парчиња*



*Текстилни производи и обувки: 95 илјади парчиња*




*Енергетски пијалоци: 77 илјади парчиња*




*Паста за заби: 22 илјади парчиња*




Очила за сонце: 15 илјади парчиња




Батерии: 14,5 илјади парчиња




Празни ЦД –а: 12 илјади парчиња



Друга стока: 53 илјади парчиња

Царинската управа во соработка со застапниците на носителите на правото, по спроведена постапка за утврдување на оригиналност на привремено одземената стока, во 2011 година спроведе уништување на вкупно 304.331 парчиња фалсификувана стока и 180.000 кг фалсификуван прашок за перење.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

Во овој период Царинската управа интензивно работеше на зголемување на свеста на вработените за значењето на транспарентноста од аспект на запознавање на јавноста со улогата на Царинската управа, плановите за нејзиното работење и осознавање на проблемите на клиентите. Постојано се работеше на подигнување на свеста на вработените за значењето на јавното мислење за работата на Царинската управа. Се воведуваа системи и процедури за зголемување на обемот и квалитетот на комуникацијата со јавноста.

### *Транспарентност*

Со цел следење на најдобрите практики во ЕУ во доменот на царината и односите со јавноста и комуникацијата, управата во декември донесе **Стратегија за односи со јавноста на Царинската управа**. Основна цел на стратегијата е навремено, точно и организирано доставување на информации до сите целни групи. Предвидените активности се насочени кон тоа да се обезбеди подобро разбирање на улогата на Царинската управа, одржување на политичка и јавна доверба, поддршка и позитивен став кон Царинската управа и нејзините вработени преку двонасочен проток на информации, промовирање, претставување и пренесување пред јавноста на резултатите и успесите постигнати во царинското работење, како и подигнување на свеста кај јавноста околу тоа дека работата на царинските службеници е од суштинска важност за јавното добро и безбедност.

#### ***Интернет и интранет***

Целосното, навременото и автоматско ажурирање на информациите и податоците на интернет и интранет страницата на Царинската управа е уредено со Упатство за начинот и постапката на објавување содржини на интернет страницата и интранет порталот, кое беше неколку пати ревидирано во текот на 2011 година. На интернет страницата постои **форум „Најчесто поставувани прашања“**, со кој на економските оператори им е овозможено да поставуваат прашања и да добиваат одговори во врска со царински дозволеното постапување или употреба на стоката, како и **„Инфо“ електронската адреса** преку која економските оператори можат да се обратат до Царинската управа за било кое отворено прашање од царинското работење. **Во 2011 година на интернет страницата се објавени 557 информации, а на интранет 850 информации**. **Во 2011 година интернет страницата на Царинската управа беше посетена 1.750.000 пати во просек од околу 13.000 посетители.** Најпосетени се табовите „Вести“ (57.280 пати), „Пребарување низ царинска тарифа“ (9.139 пати), „Најчесто поставувани прашања“ (7.491 пати) и „Закони и прописи“ “ (2.381 пати). Во ноември 2011 година на интернет страницата е воведена **интерактивна мапа на царинарниците и граничните и внатрешните царински испостави,** на која може да се видат сите царинарници, царински испостави и гранични премини во Република Македонија, заедно со информации за дозволените царински постапки, евентуалните ограничувања за извршување на определени царински постапки, како и присуството

на инспекциските органи во секоја организациона единица на Царинската управа поодделно. Мапата содржи и јасни ознаки за пристапни патишта (регионален пат, автопат, железница или аеродром) до организационите единици на Царинската управа. Во тек се натамошни подобрувања.




## *Граѓански дневник*

Кон крајот на 2011 година Царинската управа донесе нов **Граѓански дневник** во кој се прикажани услугите кои граѓаните можат да ги добијат од Царинската управа, со разграничени надлежности на царинските служби и утврдени стандарди за исполнување. Истовремено е донесено и ново **Упатство за постапување со формуларите од Граѓанскиот дневник** за оценување на услугите кои ги врши Царинската управа, со кое се уредува постапувањето со пополнетите формулари од Граѓанскиот дневник, поставувањето на сандачињата за Граѓанскиот дневник, како и објавувањето на Граѓанскиот дневник на интернет страната на Царинската управа.

## *Отворена телефонска царинска линија – 197*

Во 2011 година преку отворената телефонска линија се примени 31.658 повици, од кои, после соодветната обработка, 105 информации се процесирани во постапка за утврдување несоодветно постапување на царински службеници, а 71 информации се процесирани во постапка за царински и други измами.

## *Претставки и предлози и слободен пристап до информации*

Во 2010 година Царинската управа донесе **Упатство за постапување по претставки и предлози во Царинската управа**, со цел заштита и остварување на правата и интересите на поднесувачите, јавните интереси утврдени со закон, или со цел поведување на друга иницијатива од јавен интерес. Во 2011 година се примени 7 претставки и предлози и по истите е соодветно постапено. Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во 2011 година се примени 29 барања. Царинската управа позитивно одговори на 27 барања.

## *Публикации*

Со цел зголемување на јавната доверба кон Царинската управа како професионална, транспарентна и сервисно ориентирана служба, во март 2011 година Царинската управа донесе **Програма за публикување на месечно издание „Царина“ за 2011/2012 година.** Истовремено, Царинската управа секој месец подготвува и јавно објавува детални информации за работата и постигнатите резултати.

## *Царинска соработка*

Во 2011 година Царинската управа ја интензивираше соработката на сите полиња и градеше основи за натамошно унапредување на соработката.

### *Соработка со бизнис заедницата*

Согласно стандардите на Ревидиранта Кјото конвенција за зајакнување на соработката со бизнис заедницата, во јануари 2009 година Царинската управа, Стопанска комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија, МАКАМТРАНС – Асоцијација на независни синдикати на камионски транспортери, СИЗ „Македонија сообраќај“ АМЕРИТ и групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори, потпишаа Меморандум за воспоставување на советодавна врска и соработка и **Меморандум за формирање на Советодавно тело**. Во Октомври 2009 година на Советодавното тело му се приклучи Американската Стопанска комора, а **во мај 2011 година Советодавното тело беше проширено со уште три нови членки (Текстилното трговско здружение – Текстилен кластер, Здружението на кожарско преработувачка индустрија и Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ)**. Советодавното тело има свој Деловник за работа и одржува состаноци најмалку еднаш месечно на кои се води записник и редовно ажуриран список на заклучоци и нивната реализација. Во 2011 година Советодавното тело одржа 12 состаноци, при што беа донесени 41 заклучок, од кои до крајот на годината беа реализирани 25 заклучоци. Во текот на 2010 и 2011 година, Царинската управа и членките на Советодавното тело, во 9 градови низ државата одржаа 15 средби, конференции и прзентации непосредно со претставници на над 100 компании.

Во ноември 2011 година, Царинската управа во соработка со „Империал Тобако ТКС“ (Тутунски комбинат Скопје) одржа отворена Конференција на тема „Контрола на легална трговија со тутунски производи – трендови и идни перспективи“, со цел да се прикаже законската регулатива, резултатите од досегашната контрола, идните чекори во однос на усогласување на регулативата и најновите трендови за контрола/следливост на тутунските производи.

### *Соработка Царина-Царина*

На 11 февруари 2011 година, директорите на царинските управи на Македонија и Косово потпишаа Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка и взаемна помош по царински прашања. Со оваа 17-та по ред склучена билатерална спогодба, се промовира соработката помеѓу двете Царински служби и се создава правна рамка за заедничка и конструктивна соработка за олеснување и забрзување на царинските постапки, развој на трговијата и транспортот, взаемна размена на стручна, научна и техничка помош за подобрување

и воведување на повисоки стандарди во царинското работење, како и превентивно делување и сузбивање на прекуграничниот криминал и царинските измами.

На 24 јуни во Брисел, директорите на Царинската управа на Република Македонија и на Царинската служба на Република Полска потпишаа Меморандум за соработка за борба против царинските измами и развој на партнерски односи. Меморандумот претставува основа за понатамошно продлабочување на билатералната соработка помеѓу двете царински служби и има за цел поефикасна заедничка борба против недозволената трговија и прекуграничниот криминал, заштита на финансиските интереси и безбедноста, како и професионално усовршување на царинските службеници преку заеднички програми за обука.

На 17 октомври 2011 година, високи претставници од Царинската управа беа во работна посета на царинската служба на Република Азербејџан, по повод свеченото отворање на Регионалната канцеларија за градење на капацитети во Баку. Царинските управи на двете земји го парафираа текстот на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Азербејџан за взаемна помош и соработка по царински прашања. Основна цел за склучување на спогодбата е промовирање на соработка помеѓу двете царински служби и создавање на правна рамка за заедничка конструктивна соработка на полето на олеснувањето и развојот на трговијата и транспортот, како и превенција и сузбивање на прекуграничниот криминал и царински измами.

Во октомври 2011 година Царинската управа поведе иницијатива за склучување на Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Црна Гора за взаемна помош и соработка по царински прашања, со цел продлабочување и унапредување на воспоставената добра соработка помеѓу царинските органи на двете држави.

Поаѓајки од потребата за продлабочување и унапредување на царинската соработка, Царинската управа подготви предлог текстови на спогодби за взаемна помош и соработка по царински прашања и иницираше нивно склучување со Унгарија, Република Романија и Народна Република Кина.

Во март 2011 година во Охрид се одржа Втората работилница од регионалниот проект „Систем за електронска размена на податоци (SEED) во земјите на Западен Балкан“, на која учествуваа претставниците на царинските управи на Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија и Црна Гора. Овој систем треба да обезбеди автоматска размена и раздолжување на информации за транзит помеѓу државите учеснички во проектот.

Од јули 2011 година, во соработка со Царинската служба на Словенија, Царинската управа организираше Семинар за оданочување на тема „Запознавање со законодавството во областа на акцизни стоки и практична примена во Република Словенија“. Општата цел на семинарот беше подобрување на административниот и

оперативниот капацитет на царинската служба во Македонија, со цел обезбедување поголема ефикасност на царинските и фискалните активности во однос на акцизата.

Од декември 2011 година SECI центарот се реорганизира и преименува во Центар за спроведување на законите во Југоисточна Европа – SELEC[17].

### *Меѓуинституционална соработка*

Во април 2011 година Владата на Република Македонија донесе Одлука за воспоставување на централна канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификувањето пари. Седиштето на централната канцеларија е во МВР, а во неа учествуваат претставници од повеќе надлежни министерства. Централната канцеларија ќе соработува со сродни меѓународни организации и други национални централни канцеларии надлежни за оваа проблематика, преку преземање на координирани заеднички истраги, размена на информации и анализи.

Во декември 2011 година, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за цивилно воздухопловство и Царинската управа потпишаа Меморандум за соработка за усвојување и имплементација на НАТО стандардите. Со ова се потврдува заедничката заложба и интересот преку различни форми на соработка, координација и вземно укажување на помош и поддршка да се воспостави систем за непречено усвојување и имплементација на НАТО стандардите, според недлежностите на неговите потписнички.

Во 2011 година беа одржани повеќе состаноци на Координативното тело за надзор на пазарот, на кои меѓу другото беше разгледана и утврдена финалната верзија на Упатството за соработка на органите за надзор на пазарот и Царинската управа на Република Македонија од аспект на безбедност на производите и надзор на пазарот.

**Во 2011 година Владата на Република Македонија ја задолжи Царинската управа да воспостави координација со сите инспекциски служби во Република Македонија и активно да учествува и предлага мерки за унапредување на институционалниот и административниот капацитет на сите инспекциски служби. Подготвен е деталeн елаборат со предлози за тековно и системско реформирање на инспекциските служби.**

### *Соработка со институциите во образовниот систем*

Царинската управа и во 2011 година ја продолжи соработката со високообразовните институции во Република Македонија. Во оваа насока во март 2011 година беше

[17] South European Law Enforcement Center

уреден начинот на спроведување на практикантската работа со донесување на **Упатство за практикантска работа**. Согласно упатството Царинската управа во 2011 година спроведе летна пракса за студенти од Економскиот факултет, Правниот факултет и Факултетот за безбедност. Беа прифатени вкупно 55 студенти кои согласно упатството беа запознаени со улогата и надлежностите на Царинската управа и работните процеси во организационите единици каде ја извршуваа практикантската работа. По завршувањето на праксата студентите имаа задача да достават есеј за практикантската работа во кој го искажаа своето мислење за начинот на спроведување на праксата, практичното искуство со кое се стекнале за време на обавувањето на праксата, како и идеи за нејзино подобрување. На сите студенти кои доставија есеј Царинската управа им достави Потврда за успешно завршена пракса.
Царинската управа има склучено спогодби за соработка со четири виското образовни институции и тоа: Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, Факултетот за безбедност од Скопје, Факултетот за туризам и угостителство од Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола и Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје.

**Годишен извештај 2011**

1992 2012